2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба, во Скопје на ул.1613 бр.10, влез 1, кат 6, стан бр.28, во објект 3.9 Реонски Центар Аеродром запишан на КП бр.1734/138 во ИЛ бр.109482 КО Кисела Вода 2.

## Точка 21

Владата ги донесе:

- Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (ул.1613 бр.7, влез 1, кат МА, стан бр.30, во објект 1.12 Реонски Центар Аеродром запишан на КП 1734/152 во ИЛ бр.112769 КО Кисела Вода 2) и

- Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул.1613 бр.7, влез 1, кат МА, стан бр.30, во објект 1.12 Реонски Центар Аеродром запишан на КП 1734/152 во ИЛ бр.112769 КО Кисела Вода 2).

## Точка 22

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (Бул.„3-та Македонска Бригада“ бр.41, влез 1, кат 5, стан бр.23, во објект 3.1 Источна индустриска зона, запишан на КП бр.1768/19, Имотен лист бр.106094, КО Кисела Вода 2).

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (Бул.„3-та Македонска Бригада“ бр.41, влез 1, кат 5, стан бр.23, во објект 3.1 Источна индустриска зона, запишан на КП бр.1768/19, Имотен лист бр.106094, КО Кисела Вода 2).

## Точка 23

Владата ги донесе:

1.Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор, во Скопје, на ул. „Тале Христов“, зграда 1, влез 1, стан бр.84, кат 12, запишан во ИЛ бр.95064, на КП бр.1021/0, КО Чаир и

2.Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба, во Скопје, на ул. „Тале Христов“, зграда 1, влез 1, стан бр.84, кат 12, запишан во ИЛ бр.95064, на КП бр.1021/0, КО Чаир.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата во врска со распределба на 312 станбени единици во Објект на ул. „Босна и Херцеговина" Б 9.3 0-4 ГП 2.02 градска четврт ц 16 - Општина Бутел, во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката - Скопје, да ги предложи за распределба, една третина од станбените единици, согласно Одлуката за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија" („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.37/22) и останатите две третини, да ги предложи за распределба, согласно Уредбата за Методологија за утврдување на вредноста на станот, како и Методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена" („Службен весник на Република Македонија" бр.13/10), за вработени во Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, до Комисијата за станбени прашања на Владата на Република Северна Македонија, да достават предлог - листи со лица, кои ги исполнуваат условите за доделување на стан, согласно член 21 од Уредбата за Методологија за утврдување на вредноста на станот, како и Методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена, заради доделување на стан под закуп за службени потреби.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

## Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кратово, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 27

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на енергија „ЦММ Енерѓи компани" ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, поради потребата Агенцијата за катастар на недвижности да достави позитивно мислење, како и да се усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

Точка 28

Владата повторно ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Општина Штип и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Општина Штип.

Точка 29

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижности во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четиринаесетта одлука).

Точка 30

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Петнаесетта одлука) и ја условно донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 31

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 15 мај 2025 година до 21 мај 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 32

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 29 мај 2025 година до 4 јуни 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија

Точка 33

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 5 јуни 2025 година до 11 јуни 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 34

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 12 јуни 2025 година до 18 јуни 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 35

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 19 јуни 2025 година до 25 јуни 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 36

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 19 јуни 2025 година до 25 јуни 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 37

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 3 јули 2025 година до 9 јули 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 38

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 15 мај 2025 година до 21 мај 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 39**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 29 мај 2025 до 4 јуни 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 40**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 5 јуни 2025 до 11 јуни 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 41**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 12 јуни 2025 до 18 јуни 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 42**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 19 јуни 2025 до 25 јуни 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 43**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 26 јуни 2025 до 2 јули 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 44**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 3 јули 2025 до 9 јули 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 45**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за задругите, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на минитерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд.

**Точка 46**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон кој се донесува по редовна постапка и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд, Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд и Маја Папатолевска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд.

**Точка 47**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за јавните претпријатија, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд.

Точка 48

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за стопанските комори, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд.

Точка 49

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за практиканство и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за практиканство, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд, Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд и Маја Папатолевска, помошник раководител на сектор во Министерството за економија и труд.

Точка 50

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.
За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на минитерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд.

Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10MW, на КП бр. 11/5, дел од КП бр. 11/35, КП бр. 11/39 и КП бр. 11/40 и дел од КП бр. 145, м.в. „Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за промет и услуги Интернатионал бусинесс парк, ул. „20“ бр.82, Бразда, Чучер–Сандево, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за промет и услуги Интернатионал бусинесс парк, ДОО Скопје, ул.„20“ бр.82, Бразда, Чучер – Сандево, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Агротим-Југ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Максим Горки“ бр.12, Скопје-Центар, со Предлог-одлука (КП бр.1427/5), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги АГРОТИМ-ЈУГ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Максим Горки“ бр.12, Скопје-Центар, со Предлог-одлука (39-3920/1), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги АГРОТИМ-ЈУГ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Максим Горки бр.12, Скопје-Центар, со Предлог-одлука (39-3919/1), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги АГРОТИМ-ЈУГ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Максим Горки бр.12, Скопје-Центар, со Предлог-одлука (39-3923/1), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Пене Александров ул.„Гоце Делчев“ бр.20А, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Симон Лазороски, ул. „Блажо Алексов“ бр.50/1-7, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 60

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (29 патнички моторни возила).

Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Хамбург, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за давање согласност за поделба на Друштвото за производство и трговија ОАЗА увоз-извоз ДОО Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот „Кежовица и Л'џи“, Општина Штип.

Точка 63

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“ општина Неготино, со Предлог – решение, за наредната седница на Владата, поради потребата Предлог - решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– песок и чакал на локалитет „Брестот“ Општина Неготино, да се дополни со номинации во член 2, точките 6 и 10, со член и заменик член на Комисијата на предлог на Министерството за финансии.

Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.351 Зрновска Река на концесионерот ЕКО ТЕРА ДОО Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр. 351 Зрновска Река на концесионерот ЕКО ТЕРА ДОО Скопје до 7.9.2025 година.
2.Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот писмено да го извести концесионерот ЕКО ТЕРА ДОО Скопје дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во заклучокот број 1, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локација бр.351 Зрновска Река.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.407 Пена концесионерот ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, ја усвои и ги донесе следниве заклучоци:
1. Владата, како концедент, го одобри продолжувањето на разумниот рок за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.407 Пена на концесионерот ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ експорт-импорт Скопје до 24.9.2025 година.
2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ експорт-импорт Скопје дека за локацијата бр.407 Пена, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија, му се продолжува разумниот рок до 24.9.2025 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.
3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ експорт-импорт Скопје да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр. 407 Пена, најмалку до 24.10.2025 година.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово и ја усвои следните заклучоци:

1. Владата, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр. 104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово до 10.8.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот, писмено да го извести концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр. 104 Габровска Река.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр. 407 Пена, најмалку до 10.9.2025 година.

Точка 67

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за пренос на акциите од сопственост на Министерство за транспорт во сопственост на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и условно ја донесе Одлуката, доколку предлагачот достави Предлог-одлука за пренос на сопственичката структура преку пренос на акции на операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје од Министерството за транспорт на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Точка 68

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Баба и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од доделување на Техничкиот аранжман помеѓу министерот за одбрана на Француската Република и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија во врска со складирање, транспорт и уништување на системите за противвоздушна одбрана „Мистрал“, набавени од страна на Република Северна Македонија од Компанијата МБДА од Франција, со усогласен текст на Технички аранжман и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го утврди усогласениот текст на Техничкиот аранжман помеѓу министерот за одбрана на Француската Република и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија во врска со складирање, транспорт и уништување на системите за противвоздушна одбрана „Мистрал“, набавени од страна на Република Северна Македонија од Компанијата МБДА од Франција.

2. Се овластува м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Техничкиот аранжман помеѓу министерот за одбрана на Француската Република и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија во врска со складирање, транспорт и уништување на системите за противвоздушна одбрана „Мистрал“, набавени од страна на Република Северна Македонија од Компанијата МБДА од Франција.

3. Се задолжува Министерството за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија, пред потпишувањето на Техничкиот аранжман помеѓу министерот за одбрана на Француската Република и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија во врска со складирање, транспорт и уништување на системите за противвоздушна одбрана „Мистрал“, набавени од страна на Република Северна Македонија од Компанијата МБДА од Франција, да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 70

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за влегување и престој на вооружени сили на странски држави на територијата на Република Северна Македонија, за учество во Командата на Бригадата на Југоисточна Европа – СЕЕБРИГ (SOUTH EAST EUROPE BRIGADE – SEEBRIG.

Точка 71

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО мисијата на Меѓународниот центар за безбедносна поддршка и обука за Украина во Визбаден, Сојузна Република Германија.

Точка 72

Владата ја разгледа Предлог на одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ", во Република Либан, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието Република Северна Македонија да ја разгледа.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, а за повереници Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана и Милан Андоновски, директор на директорат во Министерството за одбрана.

Точка 73

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „SABER JUNCTION 25", во Сојузна Република Германија.

Точка 74

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Triglav Star 25", во Република Словенија.

Точка 75

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.300 и КП бр.365, КО Црвени брегови 1, Општина Неготино).

Точка 76

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Дрита Аслани, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## Точка 77

Владата го разгледа Предлогот на закон за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.
2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор (*), согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

## Точка 78

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите кои произлегуваат од проектот „ИННОФЕИТ Европски дигитален информациски хаб – Едношалтерски систем за дигитална и зелена транзиција во Република Северна Македонија“, како материјал за информирање.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување активности за основање Мултифункционален научно-технолошки парк во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжува Министерството за образование и наука, во рок од два месеци да формира работна група за основање на мултифункционален научно-технолошки парк.

2. Се задолжуваат Министерството за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за транспорт, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, а се укажува на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје, до Министерството за образование и наука, да доставаат номинации за членови на работната група.

3. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија, да отпочне постапка за регулирање на имотно-правната состојба на земјиштата на КП бр. 7110/1 КО Карпош и КП бр. 7114/1 КО Карпош, евидентирани во Пописен лист со незапишани права бр. 4918 КО Карпош и КП бр. 1839/4 КО Карпош, евидентирана во Пописен лист со незапишани права бр. 27178 КО Карпош и нивно впишување во Јавната книга на недвижности како сопственост на Република Северна Македонија, без кориснички права од ниту еден субјект.

4. Се укажува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје, Машинскиот факултет - Скопје како единица при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје, Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје, како единица при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје и Технолошко-металуршкиот факултет - Скопје, како единица при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје, да отпочнат постапка за престанок на нивно корисничко право над земјиште евидентирано во Имотен лист бр.4989 КО Карпош и Имотен лист 26956 КО Карпош, пред надлежен орган.

Истовремено да се има предвид укажувањето од д-р Азир Алиу, министер за здравство, мултифункционалниот научно-технолошки парк во Република Северна Македонија да се конципира како една централна административна канцеларија во Скопје и децентрализирана структура со центри во Скопје, Тетово, Штип и Битола, како и интегрирање на постоечките капацитети на иновациските хабови креирани од државата во изминатите години.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од реконструкција на постојаните објекти на болниците во Штип и Тетово, доградба на два павиљона во болницата во Тетово, изградба на нова болница во Кичево како и опремување со медицинска опрема на истите и дигитализација во здравството и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да достави барање за покажување на интерес за финансирање на објекти на болниците во Штип и Тетово, доградба на два павиљона во болницата во Тетово, изградба на нова болница во Кичево како и опремување со медицинска опрема на истите и дигитализација во здравството, до Меѓународните финансиски институции/комерцијални банки во износ од 95 % од вкупно проценетата вредност, односно во износ од 195,4 милиони евра, во рок од пет работни дена.

2. Се задолжува Министерството за финансии, по добивањето на одговорите од Меѓународните финансиски институции/комерцијалните банки, веднаш да ја информира Владата.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за здравство, да пополни Образец за концепт на проект за сите предложени проекти одделно (објект на болница во Кичево, објект на Клиничка болница во Штип, објект на Клиничка болница во Тетово и дигитализација во здравството) и истиот да го достави до Министерството за финансии.

**Точка 81**

Владата го разгледа Предлогот на закон за поддршка на настраданите во несреќата во дискотеката во Кочани и на членовите на нивните семејства, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10 000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба, се цени дека предложениот Закон за поддршка на настраданите во несреќата во дискотеката во Кочани и на членовите на нивните семејства, по скратена постапка, е поднесен од овластен предлагач.

При тоа, начелно од формално-правен аспект, се укажува на потребата да се преоцени оправданоста и потребата од донесување на предложениот закон, имајќи предвид дека видовите и елементите на финансиската и друга поддршка, се прашања кои се предмет на уредување на постојните материјални закони од поодделните области.

Овој предлог на закон има за цел да обезбеди правна, институционална и морална обврска на државата за настраданите лица во несреќата во дискотеката во Кочани и нивните семејства.

Република Северна Македонија има воспоставено стабилен систем за социјална заштита, кој обезбедува достапен пристап до социјални права и услуги за сите граѓани на Република Северна Македонија, вклучително и штети предизвикани од пожари.

Постојниот Закон за социјалната заштита веќе има воспоставено механизми за проценка на потребите и распределба на помошта, го уредува правото на материјална помош и поддршка, социјални услуги и други облици на помош за сите граѓани кои се нашле во социјален ризик, вклучувајќи и жртви на несреќи, социјално исклучени семејства, лица со попреченост, семејства со загубен член во семејството или домаќинството.

Согласно наведеното, се укажува дека предвидените мерки и форми на поддршка се веќе системски обезбедени преку постојниот Закон за социјалната заштита. Оттука, се смета дека натамошно посебно законско уредување не е неопходно, со оглед дека постојниот правен и институционален рамковен систем овозможува сеопфатна и еднаква поддршка за сите граѓани што се наоѓаат во состојба на социјален ризик, вклучително и во случаи на трагични настани.

Сите надлежни институции, веднаш по случувањето на трагичниот настан на 16 март 2025 година, уште истиот ден преземаа низа на активности, меѓу кои:

- насоки за психосоцијална поддршка на семејствата на настраданите и повредените во дискотеката;

- во училиштата да нема реализација на тестирање и проверка на знаењето на учениците во периодот по несреќата;

- донесени се упатства за постапување на наставниците, стручните соработници и родителите, во соработка со Бирото за развој на образованието, Комората на психолози, факултетите и сл.;

- донесена е Одлука со која се утврдуваат дополнителни термини во јунски испитен рок за полагање на испити од државна матура, училишна матура и завршен испит за учениците во средните училишта во учебната 2024/2025 година, повредени во пожарот во Кочани од 16 март 2025 година, кои поради здравствени причини (болничко или домашно лекување), не се во можност да полагаат во редовните термини

- екипи од Црвен крст на Република Северна Македонија и Комората на психолози на Република Северна Македонија, секојдневно се на терен за работа со семејствата на настраданите, наставниот и стручен кадар во училиштата, учениците и сл.

Согласно горенаведените преземени мерки и активности, како и донесените акти, се смета дека нема потреба од донесување на Закон за поддршка на настраданите во несреќата во дискотеката во Кочани и на членовите на нивните семејства, од причина што се преземени и ќе се преземаат сите потребни мерки и активности, со цел ублажување на последиците од оваа трагедија.

Со предложеното законско решение се предлагаат мерки за поддршка на настраданите во несреќата во дискотеката во Кочани и на нивните семејства, од областа на финансиската, образовната, здравствената, социјалната и трудовата заштита. Во оваа насока Владата на Република Северна Македонија смета дека во иднина, можеби е потребно да се размислува во насока на носење на генерално законско решение за поддршка на настрадани лица, со кое би биле опфатени случаи кои ќе имаат статус на несреќи (елементарни непогоди, пожари и други случаи од поголеми размери).

Од аспект на предложената содржина, во член 3, точка 3 од предложениот закон, во текстот „и/или" се цени дека е потребно да се избрише зборот „или", бидејќи алтернативната диференцијација предвидува во оваа група да се третираат и лица кои не се присутни на лице место на настанот, а непосредно се изложени на нејзините последици, како што се членовите на семејствата. Од таа причина се предлага двете алтернативи на одредбата да се сметаат како кумулативни предуслови за прифаќање на лицата како преживеани лица.

Во член 10, се предлага ставот 3 да се измени и да гласи: „Доколку се утврди потреба за адаптација на домот на лицето кое се стекнало со инвалидитет како последица на несреќата и ако таквата адаптација битно влијае на подобрување и олеснување на начинот на живот на лицето, ќе се додели финансиска помош за таква адаптација. Доколку се утврди потреба за користење на моторно возило кое според своите спецификации има посебна намена и е прилагодено според медицинските потреби на лицето кое се стекнало со инвалидитет како последица на несреќата, државата ќе набави такво возило кое ќе го отстапи на користење на лицето се додека истото има потреба од користење на тоа возило, а по завршувањето на причините за користење на возилото, истото ќе биде вратено на државниот орган кој го набавил".

Во член 15 во ставот 1, на крајот од реченицата се предлага да се додадат зборовите „најмногу до две години по несреќата".

Во член 18 во ставот 6, зборот „Правилник", се цени дека е потребно да се замени со зборот „Деловник".
Со оглед дека во повеќе членови во предложениот закон се утврдени надлежностите на Комисијата, се цени дека се доведува во прашање потребата од донесување на посебен правилник за таа цел.

Воедно, се предлага да се избрише членот 26. Се цени дека проширувањето на опфатот на Предлогот на закон со наведените несреќи (автобуската несреќа кај Ласкарци, пожарот на модуларната болница во Тетово, автобуската несреќа кај Струма, Бугарија), може да предизвика барања за идентична примена на предметниот закон за сите несреќни настани во Република Северна Македонија (сите сообраќајни несреќи или други настани со жртви или повреди). Ваков вид на државна репарација не е познат никаде во светот, а нејзината примена може да доведе до сериозни економски и правни последици по државата.

Со доставениот Закон се предлага финансиска поддршка за семејството на секое лице кое го загубило животот со еднократен паричен надоместок во висина од 80.000 евра во денарска противвредност, како и еднократен паричен надоместок за лицата кои се здобиле со траен инвалидитет и тоа според инвалидитетот од 1.200.000 денари до 5.000.000 денари.

Дополнително, предложено е одредбите од овој закон да се применуваат и за настраданите лица и нивните семејства за автобуските несреќи кај с.Ласкарци и на автопатот „Струма" и пожарот во модуларната болница во Тетово.

Предложениот закон ќе предизвика дополнителни фискални импликации кои не се планирани во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година. Се цени дека поддршката на Владата на Република Северна Македонија во однос на настраданите во несреќата во Кочани треба да се реализира преку системски пристап во рамките на постојните законски решенија или нивни евентуални измени, а не преку донесување на посебен закон.

Во делот на прекршочните одредби (член 24 од Предлогот на закон) се укажува дека истите не се усогласени со член 10 став (4) член 26 и член 36 од Законот за прекршоците („Службен весник на

Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 253/23). Имено, потребно е да се направи усогласување на висините на глобите за одговорните лица во правните лица и за службените лица. Овие глоби не можат да бидат повисоки од 500 евра во денарска противвредност (член 26). Исто така, што се однесува до предвидените глоби за правните лица, треба да се има предвид одредбата од членот 10 став (4) согласно која „За делата определени со закон прекршочно се одговорни сите правни лица, со исклучок на Република Македонија, државните органи и советите на единиците на локалната самоуправа".

Согласно ова, предложените одредби се спротивни на одредбите од Законот за прекршоците.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Предлогот на закон за поддршка на настраданите во дискотеката во несреќата во Кочани и на членовите на нивните семејства, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 82

Владата го разгледа Предлогот на закон за поддршка на настраданите во дискотеката во несреќата во Кочани и на членовите на нивните семејства, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10 000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба, се цени дека предложениот Закон за поддршка на настраданите во несреќата во дискотеката во Кочани и на членовите на нивните семејства, по скратена постапка, е поднесен од овластен предлагач.

При тоа, начелно од формално-правен аспект се укажува на потребата да се преоцени оправданоста и потребата од донесување на предложениот закон, имајќи предвид дека видовите и елементите на финансиската и друга поддршка, се прашања кои се предмет на уредување на постојните материјални закони од поодделните области.

Овој предлог на закон има за цел да обезбеди правна, институционална и морална обврска на државата за настраданите лица во несреќата во дискотеката во Кочани и нивните семејства.

Република Северна Македонија има воспоставено стабилен систем за социјална заштита кој обезбедува достапен пристап до социјални права и услуги за сите граѓани на Република Северна Македонија, вклучително и штети предизвикани од пожари.

Постојниот Закон за социјалната заштита веќе има воспоставено механизми за проценка на потребите и распределба на помошта, го уредува правото на материјална помош и поддршка, социјални услуги и други облици на помош за сите граѓани кои се нашле во социјален ризик, вклучувајќи и жртви на несреќи, социјално исклучени семејства, лица со попреченост, семејства со загубен член во семејството или домаќинството.

Согласно наведеното, се укажува дека предвидените мерки и форми на поддршка се веќе системски обезбедени преку постојниот Закон за социјалната заштита. Оттука, се смета дека натамошно посебно законско уредување не е неопходно, со оглед дека постојниот правен и институционален рамковен систем овозможува сеопфатна и еднаква поддршка за сите граѓани што се наоѓаат во состојба на социјален ризик, вклучително и во случаи на трагични настани.

Сите надлежни институции веднаш по случувањето на трагичниот настан на 16 март 2025 година, уште истиот ден преземаа низа на активности, меѓу кои:

- насоки за психосоцијална поддршка на семејствата на настраданите и повредените во дискотеката;
- во училиштата да нема реализација на тестирање и проверка на знаењето на учениците во периодот по несреќата;
- донесени се упатства за постапување на наставниците, стручните соработници и родителите, во соработка со Бирото за развој на образованието, Комората на психолози, факултетите и сл;
- донесена е Одлука со која се утврдуваат дополнителни термини во јунски испитен рок за полагање на испити од државна матура, училишна матура и завршен испит за учениците во средните училишта во учебната 2024/2025 година, повредени во пожарот во Кочани од 16 март 2025 година, кои поради здравствени причини (болничко или домашно лекување), не се во можност да полагаат во редовните термини
- екипи од Црвен крст на Република Северна Македонија и Комората на психолози на Република Северна Македонија, секојдневно се на терен за работа со семејствата на настраданите, наставниот и стручен кадар во училиштата, учениците и сл.

Согласно горенаведените преземени мерки и активности, како и донесените акти, се смета дека нема потреба од донесување на Закон за поддршка на настраданите во несреќата во дискотеката во Кочани и на членовите на нивните семејства, од причина што се преземени и ќе се преземаат сите потребни мерки и активности со цел ублажување на последиците од оваа трагедија.

Со предложеното законско решение се предлагаат мерки за поддршка на настраданите во несреќата во дискотеката во Кочани и на нивните семејства, од областа на финансиската, образовната, здравствената, социјалната и трудовата заштита. Во оваа насока Владата на Република Северна Македонија смета дека во иднина, можеби е потребно да се размислува во насока на носење на генерално законско решение за поддршка на настрадани лица, со кое би биле опфатени случаи кои ќе имаат статус на несреќи (елементарни непогоди, пожари и други случаи од поголеми размери).

Од аспект на предложената содржина, во член 3, точка 3 од предложениот закон, во текстот „и/или" се цени дека е потребно да се избрише зборот „или", бидејќи алтернативната диференцијација предвидува во оваа група да се третираат и лица кои не се присутни на лице место на настанот, а непосредно се изложени на нејзините последици, како што се членовите на семејствата. Од таа причина се предлага двете алтернативи на одредбата да се сметаат како кумулативни предуслови за прифаќање на лицата како преживеани лица.

Во член 10, се предлага ставот 3 да се измени и да гласи: „Доколку се утврди потреба за адаптација на домот на лицето кое се стекнало со инвалидитет како последица на несреќата и ако таквата адаптација битно влијае на подобрување и олеснување на начинот на живот на лицето, ќе се додели финансиска помош за таква адаптација. Доколку се утврди потреба за користење на моторно возило кое според своите спецификации има посебна намена и е прилагодено според медицинските потреби на лицето кое се стекнало со инвалидитет како последица на несреќата, државата ќе набави такво возило кое ќе го отстапи на користење на лицето се додека истото има потреба од користење на тоа возило, а по завршувањето на причините за користење на возилото, истото ќе биде вратено на државниот орган кој го набавил"

Во член 15 во ставот 1, на крајот од реченицата се предлага да се додадат зборовите „најмногу до две години по несреќата"

Во член 18 во ставот 6, зборот „Правилник“, се цени дека е потребно да се замени со зборот „Деловник".
Со оглед дека во повеќе членови во предложениот закон се утврдени надлежностите на Комисијата, се цени дека се доведува во прашање потребата од донесување на посебен правилник за таа цел.

Воедно, се предлага да се избрише членот 26. Се цени дека проширувањето на опфатот на Предлогот закон со наведените несреќи (автобуската несреќа кај Ласкарци, пожарот на модуларната болница во Тетово, автобуската несреќа кај Струма, Бугарија), може да предизвика барања за идентична примена на предметниот закон за сите несреќни настани во Република Северна Македонија (сите сообраќајни несреќи или други настани со жртви или повреди). Ваков вид на државна репарација не е познат никаде во светот, а нејзината примена може да доведе до сериозни економски и правни последици по државата.

Со доставениот Закон се предлага финансиска поддршка за семејството на секое лице кое го загубило животот со еднократен паричен надоместок во висина од 80.000 евра во денарска противвредност, како и еднократен паричен надоместок за лицата кои се здобиле со траен инвалидитет и тоа според инвалидитетот од 1.200.000 денари до 5.000.000 денари.

Дополнително, предложено е одредбите од овој закон да се применуваат и за настраданите лица и нивните семејства за автобуските несреќи кај с. Ласкарци и на автопатот „Струма“ и пожарот во модуларната болница во Тетово.

Предложениот закон ќе предизвика дополнителни фискални импликации кои не се планирани во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година. Се цени дека поддршката на Владата на Република Северна Македонија во однос на настраданите во несреќата во Кочани треба да се реализира преку системски пристап во рамките на постојните законски решенија или нивни евентуални измени, а не преку донесување на посебен закон.

Во делот на прекршочните одредби (член 24 од Предлогот на закон) се укажува дека истите не се усогласени со член 10 став (4) член 26 и член 36 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 253/23). Имено, потребно е да се направи усогласување на висините на глобите за одговорните лица во правните лица и за службените лица. Овие глоби не можат да бидат повисоки од 500 евра во денарска противвредност (член 26). Исто така, што се однесува до предвидените глоби за правните лица, треба да се има предвид одредбата од членот 10 став (4) согласно која „За делата определени со закон прекршочно се одговорни сите правни лица, со исклучок на Република Македонија, државните органи и советите на единиците на локалната самоуправа“.

Согласно ова, предложените одредби се спротивни на одредбите од Законот за прекршоците.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Севрна Македонија дава негативно мислење по Предлогот на закон за поддршка на настраданите во дискотеката во несреќата во Кочани и на членовите на нивните семејства, по скратена постапка, поднесен од група пратенициа.

<u>Точка 83</u>

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализирани активности и Годишниот финансиски извештај за 2024 година на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2024 година и притоа го утврди следното

Владата на Република Северна Македонија нема забелешки во однос на предметниот материјал и предлага во иднина да бидат конкретизирани планираните мерки и активности од страна на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за секој од секторите за внатрешни работи, со оглед на тоа што секој од нив има свои карактеристики на сообраќајни проблеми, интензитет на сообраќајот, чести прекршоци, учесници и други особености и фактори кои влијаат на целокупната сообраќајна култура и безбедност. Целта на предлогот е подобрување и зголемување на улогата и влијанието на Советите на локално ниво, а со тоа и на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Воедно, се нагласува дека е потребно во иднина да бидат доставувани повеќе работни материјали за спроведување на сообраќајно едукативните активности, со цел подобра и поефикасна реализација на кампањите.

Се укажува, дека согласно член 374 став (4) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.165/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 302/20, 122/21, 33/24 и 208/24), Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, до Собранието на Република Северна Македонија доставува Финансиски извештај и Извештај за реализирани активности од Годишната програма за работа.

Согласно, Извештајот за финансиско работење, во текот на минатата година остварени се вкупни приходи во износ од 44.564.462 денари и вкупно расходи од 33.785.383 денари, односно остварена е добивка во износ од 10.779.079 денари.

Имајќи го предвид наведеното, се укажува доставениот Финансиски извештај да се дополни, во насока на тоа да се даде споредбен приказ на планираните и остварените приходи и расходи во 2024 година, споредбен приказ на остварените приходи и расходи во 2024 година, со оние од 2023 година, како и да се приложи соодветно образложение за разликите и отстапките.

Истовремено, Владата на Република Северна Македонија укажува дека предметните извештаи се во функција на реализација на обврската, согласно член 374 став (4) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, согласно кој Финансиски извештај и Извештај на реализираните активности од Годишната програма, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 84

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2024 година и притоа го утврди следното

Годишниот извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2024 година е во функција на исполнување на обврската на Фондот, согласно член 67 став 1 од Законот за здравственото осигурување, според кој Фондот е должен најмалку еднаш годишно да доставува Извештај за својата работа и анализа за економско-финансиското работење до Министерството за здравство, Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија. Годишниот извештај и анализа за економско-финансиското работење на Фондот, се доставува во рок од 60 дена од истекот на рокот за доставување на Годишната сметка на Фондот.

Извештајот содржи статистички податоци за остварените права од здравственото осигурување, финансиски податоци за работењето на Фондот и други податоци. Од Извештајот се гледа дека бројот на осигурени лица во однос на претходната година е намален за 17.201 лице. Во 2024 година вкупно остварените приходи во износ од 49.392 милиони денари, во споредба со вкупно остварените приходи во 2023 година, се зголемени за 13.5% или за 5.883 милиони денари.

Вкупните расходи на Фондот за 2024 година изнесуваат 48.514,8 милиони денари што во споредба со претходната година претставува пораст за 5.604 милиони денари. Реализацијата на расходите е во тесна врска со остварените приходи и во однос на планираните расходи изнесува 98,31%. Расходите за здравствена дејност и осигурување во 2024 година, изнесуваат 44.744 милиони денари и во однос на претходната година, се зголемени за 12,83%.

Истовремено се укажува дека е потребно Извештајот за работа во дел IV. Работење на Фондот за здравствено осигурување, да се усогласи со трезорската евиденција за остварени приходи и реализирани расходи.

## Точка 85

Владата, го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2024 година и притоа го утврди следното

Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2024 година е изработен согласно член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24 и 16/25).

Во согласност со обврските утврдени во член 26 став (6) од Законот, Комисијата за заштита на конкуренцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија и има обврска најдоцна до 31 март да го достави Годишниот извештај.

Собранието на Република Северна Македонија, со допис бр. 08-1919/2 од 3.4.2025 година, побара мислење од Владата по однос на извештајот, кој е доставен согласно наведената законска обврска.

Во извештајот е даден детален преглед на спроведените активности на Комисијата и тоа:

1. Спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата:

• Вкупно донесени 127 решенија во управна постапка, од кои:
" 110 се однесуваат на концентрации, од кои:
" 105 безусловно одобрени;
" 1 условно одобрена;
" 3 не потпаѓаат под Законот за заштита на конкуренцијата,
" 1 поништена;
" 17 се однесуваат на контрола на државна помош.

• донесени се и 8 мислења согласно Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Прекршочни постапки

• Донесени се 3 решенија, со вкупно изречени глоби во износ од 1.968.100 денари.

Одлуките опфатиле случаи на:

- ненавремено исполнување на обврски од концентрација (Цементарница Усје);
- спроведување концентрација без претходно известување (АЛФИ РЕ, Словенија).
- Донесени се 4 заклучоци за отфрлање барања за прекршочна постапка.
- Управниот суд и Вишиот управен суд имале мешани одлуки - дел потврдени, дел поништени.

3. Контрола на државна помош

Донесени 22 решенија, од кои:

- 17 утврдиле постоење на државна помош;
- 4 се однесуваат на de minimis помош;
- 4 решенија се поништени по барање на даватели;
- Дадени 13 мислења согласно Законот за контрола на државната помош.

4. Примена на Законот за нефер трговски практики

- Комисијата го почнува спроведувањето на новиот Закон усвоен на 13 март 2024, иако конкретни активности во извештајната година се уште не се разработени.

5. Меѓународна и ЕУ соработка

- Активна билатерална мултилатерална соработка;

- Дел од извештајот е посветен на усогласеност со acquis и коментари од Европската комисија, вклучително и спроведени обуки.

Имајќи предвид и дека презентираните финансиски показатели се во согласност со трезорската евиденција, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на формата, содржината и обемот на Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2024 година.

<u>Точка 86</u>

Владата ги разгледа иницијативите поднесени од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/2025, У.бр.61/2025 и У.бр.62/2025, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 50 став (4) и член 60 став (2), член 2 став (2) и член 50 став (1) и став (3) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/23 и 53/24) и притоа го утврди следното

Со Иницијативата, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/2025, се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 50 став (4) и член 60 став (2) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, од причина што со оспорената одредба од член 50 став (4), нејасно е какви работи и работни задачи би извршувале кандидатите во судовите и јавните обвинителства се до нивниот избор за судија или јавен обвинител. Подносителот во предметната Иницијатива има наведено „во правниот промет, треба да постојат доволно јасни и прецизни норми кои кога се пропишуваат во закон, треба да се надополнуваат една со друга, како не би дошло евентуално до арбитрерно толкување на истите по

субјективен начин туку објективно и на основа на јасен и прецизен начин, кое го бара начелото на владеењето на правото.“.

Дополнително, оспорената одредба од член 60 став (2) според подносителот на предметната Иницијатива, не го задоволува критериумот од член 32 од Уставот од причина што „правото на слободен избор на вработување е право на секому па дури и на кандидатите за судија, односно јавен обвинител. Уставот не прави подвојување на граѓаните без оглед на каков социјален статус се наоѓаат истите или нивната општествена положба па дури ако станува збор и за кандидати за судии, односно јавни обвинители“.

Исто така, подносителот во предметната Иницијатива има наведено дека „правото на плата како дел од процесот на почетна обука е сепак право на лицето кое ја посетува почетната обука, но Статутот и актите на Академијата не се закон, а уште помалку колективен договор, онака како што го бара членот 32 од Уставот“.

Согласно член 32 од Уставот на Република Северна Македонија:
(1) Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност.
(2) Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.
(3) Секој вработен има право на соодветна заработувачка.
(4) Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат.
(5) Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно член 50 став (4) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители „По положувањето на завршниот испит, кандидатите за судии и јавни обвинители остануваат со работен однос во Академијата, сè до нивниот избор за судии, односно обвинители. За тоа време, кандидатите за судии и јавни обвинители се распоредуваат на работа во судовите односно јавните обвинителства, во координација со Судскиот совет и со Советот на јавни обвинители и врз база на специјализирана програма донесена од Академијата.“.

Согласно член 60 став (2) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители „Кандидатот за судија и јавен обвинител е должен најмалку пет години по изборот за судија или јавен обвинител да работи во суд, односно јавно обвинителство, во спротивно е должен да ги надомести трошоците и другите надоместоци за неговото обучување, по утврдена пресметка од страна на Академијата.“.

Со Иницијативата, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.61/2025, се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 2 став (2) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, од причина што со оспорениот дел „врши прием и стручно усовршување на кандидатите“, наспрема целината на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, не создава правно логична функционална целина. Според подносителот на предметната Иницијатива „Начелото на владеење на правото инсистира, во правниот промет, треба да постојат јасни, прецизни и концизни норми кои нема да оставаат место арбитрерно или самоволно да бидат толкувани бидејќи тогаш доаѓа до неадекватно толкување на нормата, а со тоа и нејзина погрешна примена во правниот промет во кој треба да постои хармонија како едни одредби во правниот промет би се надополнувале една со друга, би се надградувале една со друга и би создавале правно функционална целина од правни норми, а со тоа и би се ограничило или целосно отстранило и погрешното поимање на тие норми. Поставено така,

нормата треба да е доволно јасна и прецизна како за оној кој ја создал, за оној за кој е создадена, за оној за кој се применува така и за оној за кој е наменета да се применува."

Согласно член 2 став (2) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители „Академијата врши прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука за унапредување на стручноста на судиите и на јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и во јавното обвинителство, специјализирана обука за судиите поротници, обука на субјектите кои учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството, како и заради вршење аналитичко-истражувачка дејност од областа на правосудната теорија и практика".

Воедно, неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата дека оспорениот дел наспрема законот во целина не создава правно логична функционална целина од причина што низ целиот Закон за Академија за судии и јавни обвинители е извршено јасно разграничување на поимите „слушател" и „кандидат", а се со цел воедначена терминологија, како и јасна и доследна примена на одредбите од Законот.

Со Иницијативата, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.62/2025, се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 50 став (1) и став (3) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, од причина што оспорените одредби не се во согласност со членот 8 став (1) алинеја 3 и членот 32 од Уставот на Република Северна Македонија бидејќи според подносителот на Иницијативата „доаѓа до воспоставување на пречка, лицето да заснова работен однос кај друг работодавач кај кој би остварувал повисок приход за подоцна засновањето на таков работен однос кај друг работодавач да биде пречка истиот да биде избран за судија или јавен обвинител иако ја завршил почетната обука во Академијата".

Се истакнува дека во оваа материја Законот за Академиија за судии и јавни обвинители е lex specialis и тој определува одредени специфики кои се различни од другите закони, што не значи и дека тие решенија се противуставни, што се образложува во овој одговор на Инициијативата.

Воедно, мандатот на функцијата судија или јавен обвинител е доживотен и гарантиран. Оттука, истакнуваме дека во овој случај не се работи за вработување на овие лица во судовите и јавните обвинителства, туку за нивен избор од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители. За заштита на нивниот мандат се предвидени посебни одредби во Законот за судовите и Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, односно Законот за Јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Се смета дека поднесените иницијативи се неосновани од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, еднаквоста, правото да се учествува во вршењето на јавната функција и правото на работа би требало да се ценат од аспект на посебниот статус на кандидатите за судии и јавни обвинители кој го стекнале, како резултат на системската поставеност на оваа категорија на лица и во целокупноста на нивните права и обврски, а во склад со востановените кадровски потреби на правосудството во Република Северна Македонија.

Целта на основање на Академијата е да се обезбеди професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавнообвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното обвинителство. Основањето на Академијата за судии и јавни обвинители е важен чекор во процесот на судските реформи заради

зголемување на професионализмот во областа на правото, кој ќе помогне и во синхронизација на примената и толкувањето на законите. Продолженото образование на судиите и обвинителите е клучот за непрекинато функционирање на правната држава, зашто законите постојано се ревидираат, а се ратификуваат и нови договори и меѓународни конвенции.

За да се оцени уставноста на оспорената одредба од Законот потребно е истата да се разгледа во корелација со останатите одредби кои произлегуваат од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 129/23 и 50/24), Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19) и Законот за Советот на јавните обвинители („Службен весник на Република Македонија" бр.150/07, 100/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), од каде и произлегува и целта и улогата на оспорената законска одредба.

Исто така, за да се оцени уставноста на оспорените одредби од Законот потребно е истите да се разгледаат во корелација со останатите одредби кои произлегуваат од Уставот на Република Северна Македонија, Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.129/23 и 50/24), Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19), Законот за Советот на јавните обвинители („Службен весник на Република Македонија" бр.150/07, 100/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/2020 ) и Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/06, 62/06, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) од каде и произлегува и целта и улогата на оспорените законски одредби.

Законот за Академија за судии и јавни обвинители го уредува приемот и стручното усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, кои за да се стекнат со тој статус минуваат низ комплексен процес на селекција и рангирање, по што се стекнуваат со статус на слушатели во Академијата. Тие засноваат работен однос на определено време во Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до нивниот избор за судија или јавен обвинител и за тоа време имаат право на плата на виш судски/јавнообвинителски советник во основен суд/основно јавно обвинителство и други надоместоци од плата согласно со закон.

Дополнително, со Законот се уредува посебниот режим на права и обврски кои го уживаат слушателите и подоцна кандидатите за судии и јавни обвинители. Имено, Академијата ги вработува слушателите на почетната обука, кои за времетраење на обуката примаат полна плата и ги поседуваат сите права од работниот однос, со обврска успешно да ја завршат почетната обука во Академијата, по што следи обезбеден избор за судија или јавен обвинител. Ваквата посебна привилегија е системски овозможена за правосудниот систем да обезбеди сигурен прилив на кадри кои ќе ги задоволат проценетите потреби во сите апелациони подрачја во државата.

Слушателот на почетната обука однапред е запознаен со утврдените законски решенија кои произлегуваат од член 50 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, со кој се регулира начинот на стекнување статус на кандидат за судија или јавен обвинител по завршување на почетната обука, значењето и изборот на судии и јавни обвинители од редот на кандидатите кои ја завршиле почетната обука, како и начинот на губење на статусот на кандидат за судија или јавен обвинител, од каде што произлегува дека бесцелно е да се прифати оваа иницијатива, под претпоставка дека секое лице кое се пријавува на оглас за приемен испит во Академијата ги прифаќа предвидените услови утврдени со закон пред да се стекне со статус слушател, односно подоцна кандидат во Академијата за судии и јавни обвинители.

По положувањето на завршниот испит, кандидатите за судии и јавни обвинители остануваат со работен однос во Академијата, сè до нивниот избор за судии, односно обвинители. За тоа време, кандидатите за судии и јавни обвинители се распоредуваат на работа во судовите, односно јавните обвинителства, во координација со Судскиот совет и со Советот на јавни обвинители и врз база на специјализирана програма донесена од Академијата.

Оттука, за остварување на функцијата судија односно јавен обвинител, што по самата своја природа бара покрај долгогодишно стручно образование и специјализација, исполнување и на одредени дополнителни посебни услови за кои се претпоставува дека правен професионалец кандидат за судија, односно јавен обвинител е спремен да ги исполни. Во овој случај, општествениот и јавен интерес е пред поединечниот.

Имено, лицето со соодветни правни квалификации кога ќе се определи дека сака да продолжи со својата специјализација за да биде судија или јавен обвинител, се смета дека е доволно запознаен со правната литература и европските и меѓународните стандарди, од кои може да разбере дека за да ја остварува функцијата судија или јавен обвинител мора да посетува дополнителна почетна теоретска и практична обука во Академијата и во судовите и јавните обвинителства, да ја заврши обуката, да се пријави за судија или јавен обвинител, но дека изборот го врши Судскиот совет, односно Советот на јавните обвинители, врз основа на законски пропишаните критериуми, по претходно донесената одлука за определеното слободно судиско, односно јавнообвинителско место од објавен оглас. Сите кандидати кои ја завршиле почетната обука пред Академијата за судии и јавни обвинители се сметаат дека се доволно квалификувани да ја вршат функцијата судија или јавен обвинител на целата територија на Република Северна Македонија.

Оттука, законодавецот пропишал дека дозволени се најмногу до два огласи на кои кандидатите имаат право на свој избор. Трошоците за едукација и специјализација за овие слушатели ја чинат државата пари и време од причина што судскиот и јавнообвинителскиот кадар не се гради одеднаш. Токму поради таа причина, законодавецот предвидел кандидатот за судија или јавен обвинител да работи во суд, односно јавно обвинителство, во спротивно е должен да ги надомести трошоците и другите надоместоци за неговото обучување.

Согласно член 30 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители врз основа на анализа на евидентираните слободни места за судии и јавни обвинители, како и проекцијата за потребите за човечки ресурси по апелациони подрачја за следните две години, најдоцна до 31 март во тековната година, доставуваат одлуки до Академијата, врз база на кои се определува вкупниот број на слушатели на почетната обука.

Овие одлуки се базираат на евидентираните кадровски потреби на правосудниот систем во Република Северна Македонија, кои треба да бидат исклучиво пополнети со кандидати од Академијата со завршена почетна обука, со оглед на соодветната системска и законска уреденост. Ова е согласно препораката на Оценската мисија ТАИЕКС за обука на судии и јавни обвинители од април 2018 година, согласно која „не постои планирање на човечки ресурси и нема стратешко планирање за вработување на судии или јавни обвинители, ниту за правни соработници и друг помошен персонал. Огласот за судии и јавни обвинители од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители се чини дека е направен по случаен избор." Советите располагаат со сите потребни статистички показатели (број на судии и стручен персонал, број на предмети по судови по област, движење на предмети по години и согласно ново предвидената надлежност истиот мора да ја следи работата на судовите и судиите) и истиот има капацитет за исполнување на наведената обврска.

Сите кандидати кои ја завршиле почетната обука пред Академијата за судии и јавни обвинители претставуваат кадри планирани за пополнување на испразнетите работни позиции во основните судови и јавни обвинителства. Постапката за нивниот избор е уредена со Законот за Судскиот совет и Закон за Совет на јавните обвинители врз основа на законски пропишаните критериуми.

Согласно член 46 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија „Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на судија веднаш по упразнување на судиското место или по утврдена потреба за судиско место“.

Со ставот 2 од истиот член се определува дека „Во одлуката за објавување на огласот за избор на судија се наведува и потребната специјализација (кривична, граѓанска, стопанска, управна област или друга област од делокругот на работата на судот) за пополнување на празното судиско место, а согласно со претходно доставеното барање од страна на судот до Советот со кое се бара пополнување на судиско место“.

Согласно член 36 став (1) од Законот за Советот на јавните обвинители „Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител веднаш по упразнување на местото јавен обвинител или по утврдената потреба за јавнообвинителско место.“.

Согласно член 37 став (1) „Советот избира јавен обвинител во основно јавно обвинителство рангиран според постигнатиот успех на листата на кандидати доставена од Академијата за обука на судии и јавни обвинители кои се јавиле на огласот по година на завршување на обуката.“.

Со членот 32 став 1 од Уставот, на сите граѓани им се овозможува правото на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност, а додека пак став 2 и став 3 пропишуваат дека на секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место и за извршената работа има право на соодветна заработувачка. Според ставот 5 од истиот член „Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори“.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 50 став (4) и член 60 став (2), член 2 став (2) и член 50 став (1) и став (3) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие одредби од Законот.

## <u>Точка 87</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.65/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 75/25) и притоа го утврди следното

Во Иницијативата е наведено дека, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 75/25), корисниците кои имаат остварено право на пензија, а кои не живеат на територијата на Република Северна Македонија, им е скратено правото за покачување на пензијата од 1 март за 2500 денари и дека донесувањето на оваа одредба пропишува нееднаквост меѓу категоријата „пензионер

кој ја прима пензијата во Републиката“ и категоријата „пензионер кој ја прима пензијата во странство“, со што не е во согласност со членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија.

За таа цел, подносителот бара да се поведе постапка за оценување на уставност на оспорената одредба и истата да биде укината, како спротивна на Уставот на Република Северна Македонија.

Уставот на Република Северна Македонија, со членот 34 уредува дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување, утврдени со закон и со колективен договор.

Со Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 194/24 и 75/25), се уредува задолжително пензиско и инвалидско осигурување, основите на капитално финансираното пензиско осигурување, како и посебните услови под кои одделни категории на осигуреници ги остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување. Овој закон, исто така ја уредува методологијата на усогласување на пензијата, преку која се обезбедува одржувањето на економската вредност и куповната моќ на пензијата.

Собранието на Република Северна Македонија, како законодавен дом го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 75/25), на седницата, одржана на 1 април 2025 година, според кој на 1 март 2025 година, сите пензии остварени заклучно со 28 февруари 2025 година и кои се исплаќаат во Република Северна Македонија, се зголемуваат за 2.500 денари.

Законодавецот при донесувањето на законското решение се водел од целта за заштита на вредноста на пензијата од последиците на инфлацијата и ценовниот шок во државата, со кој се соочуваат пензионерите кои живеат во Република Северна Македонија.

Поради наведеното, се смета дека не е воспоставена нееднаквост меѓу пензионерите кои ја примаат пензијата во Републиката и пензионерите кои ја примаат пензијата во странство, со донесениот Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 75/25).
Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 75/25), е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати оваа Иницијатива.

## Точка 88

Владата ја разгледа Иницијативата од Здружението на јавните обвинители во Република Северна Македонија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.71/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Законот за изменување на Законот за платите на јавните обвинители и Законот за изменување на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/2024) и притоа го утврди следното

Во поднесената уставна Иницијатива У.бр.71/25, Здружението на јавните обвинители во Република Северна Македонија во врска со горенаведените закони донесени од Собранието на Република

Северна Македонија, поднесени од група пратеници, смета дека законодавецот постапил спротивно на членот 8 став 1 алинеите 1, 3, 4, 6 и 11, членот 9, членот 32 ставот 3, членот 54 став 1 и членот 106 ставот (1) од Уставот на Република Северна Македонија, како и член 1 протокол 1 од Европската конвенеција за човековите права (право на сопственост).

Во уставната Иницијатива, подносителот укажува дека со намалувањето на коефициентите на јавните обвинители и на членовите на Советот на јавните обвинители, се нарушува принципот на независност на кој почива јавнообвинителската функција, бидејќи со Уставот на Република Северна Македонија е определено дека јавното обвинителство е самостоен државен орган со посебна надлежност за гонење на сторители на кривични дела, а преку уредувањето на социјалната и материјална положба на јавните обвинители се гарантира неможност за било какви надворешни влијанија (принцип на надворешна независност). Со овие оспорени закони била нарушена правната сигурност бидејќи двапати во една иста година се намалуваат коефициентите на платите, иако со членот 74 став (2) од Законот за јавното обвинителство изрично е определено дека платата на јавните обвинители за времетраењето на нивната функција, не смее да се намали, истовремено определено и со членот 2 став 2 од Законот за платите на јавните обвинители, односно членот 2 ставот 2 од Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители. Преку донесените закони и со честото намалување на платите се доведува прашањето за независност преку економски притисок, кога оспореното законско решение не е поврзано со економски пораст или пад, ниту со економски показатели. Подносителот во Иницијативата се повикал и на Препораката на Советот на Европа 2010 (2012), за независноста на судиите од политички и други надворешни влијанија, која се однесува и за јавните обвинители.

Оспорените закони се донесени од Собранието на Република Северна Македонија, врз основа на претходно поднесени директни предлози на закони од страна на група пратеници во Собранието, без да бидат претходно проследени во владина постапка.
Намалувањето на коефициенти на платите доведува до ризик за спроведување на активности на Реформската агенда, во која се планирани измени на законите со кои се регулираат платите на јавните обвинители и кои треба да ги инкорпорираат активностите предвидени во Акцискиот план на Развојната секторска стратегија за правосудството (2024 - 2028), со цел да се подобри положбата на судиите и обвинителите, судската и јавнообвинителската служба, во согласност со стандардите на ЕУ.

Од причини што Законот за изменување на Законот за платите на јавните обвинители и Законот за изменување на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/2024), се донесени по предлог на пратеници, потребно е Уставниот суд на Република Северна Македонија за оспорениот закон да побара мислење од Собранието на Република Северна Македонија.

## <u>Точка 89</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Драган Лазаров, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.57/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.199/2023) и притоа го утврди следното мислење

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 6 Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 199/23), кој, како што е наведено во предметната Иницијатива, не е во согласност со член 9 став 1 и став 2 од Уставот на Република Македонија.

Според подносителот на Иницијативата, со додавањето на одредбата од членот 65-а во Законот за семејството, се дава една нова можност, која претходно не постоела, односно не била уредена, а тоа е, маж кој тврди дека е татко на детето да може да го оспори татковството на лицето кое се смета за татко на детето, но и ако истовремено побара утврдување татковство.

Подносителот на Иницијативата смета дека ваквата одредба и ограничувањата што ги поставува во поглед на поставените временските рокови за поднесување на тужбата, а во однос и на ограничувањата на возраста на детето за кое се оспорува татковството се во директна контрадикторност со одредбите од член 64 и член 65 од Законот за семејството, во кои се уредени роковите за оспорување на татковство. Тужба за оспорување татковство во согласност со новиот член 65-а, може да се поднесе во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон за дете кое до денот на влегување во сила на овој закон наполнило една година возраст, но нема повеќе од пет години. Согласно одредбата од член 64 став 1 и 2 од Законот за семејството, брачниот другар може да оспорува татковство на дете кое го родила неговата брачна другарка за време на траењето на бракот или пред истекот на 300 дена од престанокот на бракот, ако смета дека не му е татко на детето. Тужбата за оспорување на татковство се поднесува во рок од една година од денот на дознавањето за раѓањето. Додека, пак, одредбата од член 65 став 1 предвидува продолжување на рокот, и тоа со посебно барање пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, односно, ако по истекот на рокот за поднесување на тужба од став 2 на член 64, од овој закон се откријат факти и докази од кои произлегува дека брачниот другар не е татко на детето кое го родила неговата брачна другарка, на негово барање Врховниот суд на Република Северна Македонија со решение може да определи нов рок за поднесување тужба за оспорување на татковство. Поради наведеното смета дека членот 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.199/23), не е во согласност односно ги повредува одредбите од член 9 став 1 и став 2 од Уставот кои гласат „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви". Истовремено, подносителот на Иницијативата смета дека при носењето на измените на законот не била вклучена научната и стручната јавност како и дека не постојат меѓународни прописи кои го уредуваат ова прашање.

Потребата од донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 199/23), е иницирана од промените во општествениот развој, а особено од промените на составот на општеството спрема определени односи, појави и состојби поврзани со семејството и бракот.

Во Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21 и 199/23), во Глава III. Засновање на односи меѓу родители и деца, со одредбата од членот 50 регулирано е кој се смета за татко на детето родено за време на траење на бракот или во рок од 300 дена по престанокот на бракот.

Оваа одредба во пракса секогаш се применува за случаите кога детето е родено за време на траење на брачната заедница, во кои случаи по автоматизам како татко на детето се запишува брачниот другар на мајката, без оглед дали истиот е биолошки, односно природен татко на детето.

За татко на дете родено надвор од брак, се смета лицето кое ќе го признае детето за свое и тоа пред матичар, пред центарот за социјална работа или пред суд, доколку со тоа се согласи мајката на детето, а кога детето е постаро од 16 години потребна е и негова согласност.

Утврдувањето на татковство по сила на овој закон може да се оствари по судски пат кога детето е родено надвор од бракот односно кога во изводот од матичната книга на родените за детето не е запишан вистинскиот татко на детето.

Како подносители на тужбата за утврдување на татковство по судски пат може да се јават:
1. лицето кое дало изјава за признавање на татковство, кога мајката на детето и детето постаро од 16 години не дале согласност или не се изјасниле во предвидениот рок од 30 дена по приемот на известувањето дека некое лице дало изјава за признавање на татковство;
2. Старателот, со одобрение на центарот за социјална работа, додека трае старателството.
3. Центарот за социјална работа, по службена должност, доколку мајката во вршењето на родителското право ги занемарува интересите на детето и не покренала постапка за утврдување на татковство.

Кога станува збор за оспорување на татковство по судски пат како подносители на тужбата за оспорување на татковство може да се јават само:

1. Брачниот другар кој е запишан како татко на детето во изводот од матичната книга на родените, на дете родено за време на траењето на бракот кое го родила неговата брачна другарка или пред истекот на 300 дена од престанокот на бракот или неговиот старател ако тој е лишен од деловна способност и тоа во рок од 3 месеци од денот на дознавањето за раѓањето на детето;
2. Мајката на детето, во рок од 3 месеци од раѓањето на детето и
3. Детето.

Тргнувајќи од целината на Законот за семејството, со кој се уредени односите меѓу родителите и децата, основните принципи врз кои се темели семејното право - еднаквоста и рамноправноста, како и принципот на заштита на интересите на децата и принципот на заштита на семејството, доминацијата на лично правните елементи, сведени на права и обврски меѓу членовите на семејството особено е важна елиминацијата на ова ограничувачко правото на личниот и семејниот живот на граѓанинот, односно ускратувањето на правото да се утврди биолошката врска на детето со неговите вистински родители односно на родителот со детето, како клучен факт во оваа правна ситуација.

Оваа недоследност и законска неуреденост во голем број постапки за утврдување односно оспорување на татковство кои се водеа пред надлежни судови во целост ја ускратуваа можноста на друго лице да се запише како татко, кога со материјални докази ќе докаже дека е негов биолошки родител односно татко, на дете родено во брачна заедница на мајката со друг маж, кој по сила на законот е запишан како татко, односно детето го признал за свое.

Уписот на татковство во овие ситуации беше единствено можен само доколку постои согласност на брачниот другар со кој мајката на детето е во брачна заедница, но не се ретки и ситуациите кога и покрај ова материјално докажување на родителската врска, брачниот другар согласноста не ја дава, а биолошкиот татко заради законската неуреденост истото не може да го оствари.

Имајќи ја предвид можноста запишаниот татко, доколку смета дека тој не е татко на детето, со тужба да го утврдува спротивното, како и можноста за мајката за која се претпоставува дека знае дека запишаниот татко на детето не е вистински татко, со тужба за да го оспори извршениот упис на татко во изводот од матичната книга на родените, ја наметна потребата од законска регулација и друго лице кое воедно е и биолошки татко на детето може да го оствари ова право.

Во однос на предвидените рокови за поднесување на тужба во овие ситуации се имаше предвид потребата од обезбедување на правна сигурност на граѓаните и заштита на интересите на децата од најрана возраст.

Врз основа на претходно наведеното, се предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија при разгледувањето и постапувањето по Иницијативата под У.бр.57/2025 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.199/23), да ги земе во предвид претходно наведените аргументи.

Согласно наведеното, се смета дека член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 199/23), е во согласност со членот 9 став 1 и став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.199/23).

## Точка 90

Владата ја разгледа Иницијативата од Горан Тасевски од Велес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.68/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 точка 4 став 1 алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 од Законот за изменување на Законот за судска служба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 235/22) и притоа го утврди следното

Подносителот на Иницијативата пред Уставниот суд на Република Северна Македонија предлага да се поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за судска служба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.235/22), бидејќи Законот е спротивен на член 9, член 32 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на оваа уставна иницијатива причината за оспорување на Законот пред Уставниот суд на Република Северна Македонија ја црпи од тоа што законодавецот при донесување на законот ги оштетил припадниците на судска полиција во делот на плата за звање по работно место, односно со тоа направил покачување на плата за сите вработени во судска служба освен кон сите припадници на судската полиција, при што подносителот дава илустрација дека бодовите за работно место на командир на судска полиција Б3 кое е раководно со оспорените законски одредби има добиено бодови како за работно место како да е со средно образование и тоа од најниските категории, нешто помеѓу ниво Г2 и Г3 за судските службеници.

Исто така, подносителот на Иницијативата се повикува на тоа дека во делот на бодовите за плата кои се однесуваат за образование, бодовите се еднакви со бодовите на судските службеници, додека за делот кој се однесува на звање по работно место се прави деградирање на припадниците на судската полиција, со тоа што законодавецот во законско решение неопределил еднакви бодови за делот на плата за звање на работно место на судската полиција како на судските службеници, имајќи го предвид степенот на образование за конкретно работно место.

Владата на Република Северна Македонија при анализа на правното прашање покренато со Иницијативата, не најде дека постојат оправдани причини да даде позитивно мислење.

Во глава III член 14 од Законот за вработените но јавниот сектор, работните места на вработените во институциите на јавниот сектор се групираат во четири групи и тоа:
група I - работни места на административни службеници, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради вршење на работи од административна природа,

група II - работни места па службени лица-со посебни овластувања, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето заради извршување на посебни овластувања,

група III - работни места на даватели на јавни услуги, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради вршење на работи поврзани со дејностите од јавен интерес согласно со закон, кои не се од административна природа и

група IV - работни места на помошно-технички лица, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради одржување, обезбедување, вршење на превоз, како и други помошни и технички работи со кои се обезбедува непречено функционирање на институциите.

Предвид погоре наведеното, работните места на судските службеници и припадниците на судската полиција се од различна група на работни места, односно судските службеници се вработени на работни места од група I, додека припадниците на судска полиција се вработени на работни места во група II, од каде произлегува дека законодавецот не прави деградирање со оспорените законски одредби, туку определил бодови за звање предвид законски утврдената група на вработените во институциите во јавниот сектор.

Законодавецот се водел од важечките позитивни прописи при носењето на Законот за изменување на Законот за судска служба.

Од горенаведените причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека Законот за изменување на Законот за судската служба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/2022 од 9.11.2022 година) е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за судска служба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.235/22), односно, Уставниот суд на Република Северна Македонија, да донесе Решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

## <u>Точка 91</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Андреа Кулаков од Неготино, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.66/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 14 став 1 алинеја 1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во Службен весник на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/99 и 43/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.21/21) и притоа го утврди следното

Подносителот на Иницијативата укажува дека оспорената одредба е во спротивност со членот 51 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој „секој е должен да ги почитува Уставот и законите“. При тоа, во Иницијативата се наведува дека ова право им е ускратено на граѓаните од причина што пристапот до Службен весник на Република за законите и другите прописи од тековната година, како и за редакциски пречистените текстови на закони е можен само со претплата.

Истиот смета, дека оваа материјална обврска е пречка за остварување на обврската од членот 51 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Што се однесува до членот 52 од Уставот на Република Северна Македонија, во Иницијативата не се објаснува на што се однесува повредата, имајќи предвид дека со оваа одредба всушност се предвидува уставна обврска за задолжително објавување на законите и другите прописи во Службен весник на Република Северна Македонија, најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.

Според членот 52 од Уставот:
„Законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила.

Законите и другите прописи се објавуваат во Службен весник на Република Северна Македонија, најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.

Законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето.

Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случај кога тоа е поповолно за граѓаните."

Со оваа уставна одредба се пропишува задолжително објавување на законите и другите прописи во Службен весник на Република Северна Македонија.

Според членот 14 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија", средствата за работа на Јавното претпријатие се обезбедуваат од приходи од своето работење и тоа од:
- претплата, односно продажба на службеното гласило Службен весник на Република Северна Македонија во печатена и електронска форма и на другите изданија кои ги издава Јавното претпријатие, во печатена и електронска форма;
- објавените акти, огласи, јавни повици, јавни конкурси, неважечки документи и други објави утврдени во членот 10 ставови 2 и 3 од овој закон;
- надоместоци за извршени услуги, приходи од базата на прописи во Република Северна Македонија во електронска форма и
- приходи од друга издавачка дејност во печатена или електронска форма, едукативни семинари и од други извори.

Согласно горенаведената одредба законодавецот како еден од изворите на финансирање на Јавното претпријатие ја предвидел претплатата, односно продажбата на ова службено гласило.

Подносителот на Иницијативата воедно укажува дека секој граѓанин треба да има можност за бесплатен пристап до редакциски пречистените текстови на закон, подготвени од страна на Службен весник.

Со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, член 187 е предвидена постапката за утврдување на пречистен текст на закон, според кој единствено надлежен за утврдување на пречистен текст на закон е Законодавно-правната комисија по овластување на Собранието на Република Северна Македонија и истите се објавуваат во Службен весник на Република Северна Македонија.

Воедно на веб-страницата на Службен весник на Република Северна Македонија постои линк до редакциски пречистени текстови на закони, кои се изготвени од страна на ова Јавно претпријатие и немаат третман на официјално пречистен текст на закон, според Деловникот на Собранието.

Имајќи предвид дека како извор на финансирање од членот 14 став 1 алинеја 4 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во Службен весник на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.56/99, 43/02 и 21/21) се предвидува и „приход од друга издавачка дејност во печатена или електронска форма, едукативни семинари и од други извори", Јавното претпријатие обезбедува пристап до овие услуги со надоместок.

Што се однесува до можноста граѓаните да се запознаат со содржината на законите, се укажува дека секое министерство задолжително има своја веб-страница на која е предвидена услуга „регулатива". Во оваа услуга се објавуваат сите текстови на предлог законите за кои граѓаните можат да даваат свои коментари и предлози, сите закони од надлежност на односното министерство, како и неофицијално пречистени текстови на закони.

Исто така на веб-страницата на Министерството за правда постои линк до платформата ЛДБИС во која редовно се внесуваат сите закони и подзаконски акти објавени од страна на Службен весник на Република Северна Македонија, донесени од страна на Собранието и пристапот до базата на овие податоци е бесплатна.

Според наведеното, граѓаните имаат лесен пристап до законската регулатива и запознавањето со истата е исклучиво по нивна волја.

Согласно горенаведеното исполнети се сите предуслови граѓаните да можат да се запознаат со содржината на донесените прописи и истата да ја почитуваат.

Согласно се погоре наведено, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 14 став 1 алинеја 1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во Службен весник на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.56/99,43/02, 21/21"), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на наведениот член од Законот.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Мирослав Трлин од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.67/2025, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10 став (1) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06) и притоа го утврди следното

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 10 став (1) од Изборниот законик, од причина што оспорената одредба е спротивна на член 2 каде е утврдено дека суверенитетот произлегува и им припаѓа на граѓаните на Републиката и тие го остваруваат преку своите избрани претставници, член 3 каде е утврдено дека суверенитетот е неотуѓив и неделив и член 8 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија каде се пропишани темелните вредности на уставниот поредок, како што се демократската власт, владеењето на правото и почитување на гласот на граѓаните.

Во Иницијативата е наведено дека со оспорената одредба од член 10 став (1) се загрозува претставничката демократија и се создава недоволен баланс меѓу стабилноста и одговорноста.

Подносителот на предметната Иницијатива навел дека законодавството треба да предвиди механизам за престанок на мандат во случаи на промена на политичка припадност на пратеникот, особено кога е избран на затворена партиска листа.

Дополнително, со предметната Иницијативата се предлага измени во Изборниот законик, согласно кои пратениците кои ја напуштат својата партија или стануваат независни, ќе го губат мандатот, освен ако не бидат потврдени одново на избори, како и воведување на отворени листи или преференцијално гласање за поголема одговорност на пратениците кон гласачите.

Согласно член 10 став (1) од Изборниот законик „Пратениците не можат да бидат отповикани.".

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, еднаквоста, правото да се учествува во вршењето на јавната функција и правото на работа би требало да се ценат од аспект на посебниот статус на пратениците кој го стекнале, како резултат на системската поставеност на оваа категорија на лица и во целокупноста на нивните права и обврски кои се одразени преку принципот дека власта произлегува од граѓаните и им припаѓа на ним преку правото, односно нивното учество во изборот на претставници во Собранието.

Уставот на Република Северна Македонија ја утврдува државата како суверена, демократска и социјална правна држава, заснована на владеење на правото, почитување на човековите права и слободи, поделба на власта, и слободни и демократски избори. Овие темелни вредности го обликуваат уставниот поредок, врз кој се гради целиот правен и политички систем, вклучително и изборното законодавство. Слободата и еднаквоста е гарантирана со Уставот преку општо, еднакво и непосредно избирачко право, при тајно гласање без разлика на социјален, етнички, верски или друг статус, каде што граѓаните имаат еднакво право да избираат и да бидат избрани, што е суштинска манифестација на еднаквоста пред Уставот и законите.

Темелна уставна вредност е и политичкиот плурализам, односно постоењето на повеќе политички партии. Изборното законодавство овозможува фер и рамноправни услови за политичка конкуренција, како и можност за учество и на независни кандидати.

Уставот ја обврзува државата да ги почитува меѓународните договори и стандарди, особено оние што се однесуваат на изборите – како што се препораките на ОБСЕ/ОДИХР и Европската конвенција за човекови права. Овие документи ја надополнуваат уставната рамка и влијаат врз развојот на изборното законодавство.

За да се оцени уставноста на оспорената одредба од Законот потребно е истата да се разгледа во корелација со останатите одредби кои произлегуваат од Изборниот законик од каде и произлегува и целта и улогата на оспорената законска одредба.

Мандатот на пратеникот всушност претставува право да ги претставува граѓаните и при извршувањето на функцијата пратеник да одлучува по свое уверување. Всушност, мандатот на пратеникот произлегува од волјата на самите граѓани која е слободно изразена преку изборите.

Согласно член 15 од Изборниот законик:

(1) Изборите за пратеници се одржуваат секоја четврта година во последните 90 дена од мандатот на претходниот пратенички состав или во рок од 60 дена од денот на распуштањето на Собранието.
(2) Предвремени избори за пратеници се спроведуваат во согласност со одредбите на овој законик, а сите рокови за изборните дејствија се скратуваат за пет дена, освен рокот утврден за спроведување на изборната кампања.
(3) Роковите за спроведување на изборните дејствија од ставот (2) на овој член со роковникот ги утврдува Државната изборна комисија.
(4) Мандатот на пратениците трае од денот на неговото верификување до денот на верификувањето на мандатот на новоизбраните пратеници, но не подолго од четири години.

Пратеничкиот мандат може да се продолжи само за време на воена или вонредна состојба. Пратеникот не може да биде отповикан од функцијата, но може да му престане или да му биде одземен мандатот пред истекот на времето за кое е избран.

Согласно член 152 од Изборниот законик:
(1) На пратеникот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран, ако:
" поднесе оставка,
" е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години,
" настапи случај на неспојливост со функцијата пратеник,
" во случај на смрт и
" со правосилно решение е лишен од деловна способност;
(2) Ако пратеникот поднесе оставка, Собранието на првата наредна седница констатира дека на пратеникот му престанува мандатот од денот на одржувањето на таа седница.
(3) Мандатот на пратеникот му престанува со денот на настанувањето на условите од ставот (1) алинеи 2, 3, 4 и 5 на овој член, а Собранието тоа го констатира на првата наредна седница.

Воедно, на пратеникот може да му биде одземен мандатот, кога е осуден за кривично или друго казниво дело што го прави недостоен за вршење на функцијата пратеник, како и за неоправдано отсуство од Собранието повеќе од шест месеци. Предлог за одземање на мандатот поднесува Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, врз основа на известување од претседателот на Собранието. Во случај кога пратеникот е осуден, известувањето до претседателот на Собранието го доставува судот кој ја изрекол казната. По предлогот на комисијата се води претрес на првата наредна седница на Собранието, при што претресот може да заврши со донесување одлука за одземање на мандатот на пратеникот, која се носи со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници.

Мандатот на пратениците може предвреме да престане и во случај на самораспуштање на Собранието на Република Македонија. Собранието се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број пратеници.

Пратениците во Република Македонија уживаат имунитет од денот на верификацијата до денот на престанокот на нивниот мандат. Согласно одредбите од Уставот, пратениците уживаат два вида имунитет: неодговорност на пратеникот (материјален или суштински имунитет) и неповредливост на пратеникот (процедурален имунитет). Заедно, овие два вида имунитет ја обезбедуваат слободата на пратеникот во вршењето на пратеничката функција и независноста на претставничкото тело во вршењето на законодавната власт.

Пратениците во рамките на демократскиот систем уживаат како личен, така и морален интегритет, кој претставува основа за нивна политичка легитимност и одговорност пред граѓаните кои ги

избрале на слободни и фер избори. Тие ги застапуваат интересите на своите избирачи преку донесување одлуки во областа на нивната законодавна надлежност, при што одлуките е потребно да се носат врз основа на нивното лично убедување.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 10 став (1) од Изборниот законик е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 10 став (1) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06).

<u>Точка 93</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Славица Крстевска од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.56/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 71 став (1) точка 6 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16, 178/17, 26/18 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/20, 86/20, 136/20 и 154/23) и притоа го утврди следното

Подносителот на Иницијативата наведува дека во Законот за извршување постоела ограничувачка норма содржана во член 71 став (1) точка 6 во Законот, според која именуваните извршители со навршени 64 години старост го исполнуваат условот за одење во старосна пензија без можност да продолжат со работа до 67 години возраст.

Подносителот наведува дека со донесување на новиот член 104 - а од Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.38/25), законодавецот оставал можност да лицата од категоријата именувани и избрани од надлежен орган имаат право по сопствена волја со писмена изјава да побараат од органот кој ги именувал да го продолжат работниот однос и по навршени 64 години старост, односно најдолго до 67 години возраст, во која категорија спаѓале и извршителите, а членот 71 став (1) точка 6 од Законот за извршување бил ограничувачки затоа што предвидувал лимитирачка норма, според која на истите не им било дозволено да продолжат со работа, односно старосната граница за пензија изнесувала 64 години возраст, што претставувало директна повреда на уставните норми и тоа на член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, на член 9 од Уставот на Република Северна Македонија – начело на забрана на дискриминација и еднаквоста на граѓаните пред Устав и законите и член 32 од Уставот на Република Северна Македонија – право на работа, а во смисла на член 104 - а од Законот за работните односи, односно извршителите во конкретниот случај се ставале во дискриминирачка положба во однос на останатите носители на јавни овластувања.

Имено, според член 71 став 1 точка 6 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 154/23), должноста на извршителот престанува со навршување на 64 години возраст, согласно закон.
Според член 104 од Законот за работните односи, договорот за вработување работодавачот го прекинува кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж, доколку со закон поинаку не е уредено.

Според член 104-а став (1) од Законот за работните односи, по исклучок од членот 104 од овој закон, лице кое остварува права од работен однос врз основа на одлука за избор или именување од надлежен орган, во согласност со законот што ги утврдува неговите права и обврски кои произлегуваат од вршењето на функцијата, има право да побара да продолжи со вршење на

функцијата и по исполнување на условите за старосна пензија, а најмногу до 67 години возраст, со писмена изјава до органот кој го избрал или именувал. Според став (2) од истиот член, писмената изјава од ставот (1) на овој член, лицето ја дава еднаш годишно, а најдоцна до 31 август во тековната година за продолжување на вршењето на функцијата за наредната година.

Според член 33 од Законот за извршување, извршителот е лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон именувано од Министерството за правда.

Со Законот за работните односи, во општите одредби е уредено дека со законот се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување.

Во конкретниот случај, извршителот не склучува договор за вработување со Министерството за правда, односно, согласно Законот за извршување, извршителот се именува со решение на Министерството врз основа на конкурс, а извршителот е лице кое врши јавни овластувања и врши извршителска должност, а не е избрано или именувано лице кое врши функција. Извршителот ја врши извршителската должност како лице со јавни овластувања, до исполнување на условите за престанок за вршење на должноста уредени со член 71 од Законот за извршување, меѓу кои и со навршување на 64 години возраст, согласно закон.

Во образложението на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.39/25), е наведено дека причините за донесување на ова законско решение се големиот број непополнети места за судии и јавни обвинители со што се загрозува состојбата во судството и јавното обвинителство, што предизвикува загриженост за влијанието врз квалитетот и ефикасноста на правдата, а начинот на кој овие проблеми со дефицитот на судии и јавни обвинители би можеле да се надминат во што е можно пократок рок е да се даде можност за продолжување на судската и јавно-обвинителската функција и по исполнување на утврдената старосна пензија, односно до 67 години возраст, за што постои и законски основ во посебните закони кои ја регулираат оваа област.

Во посебните закони постои експлицитен правен основ за продолжување на судиската функција, како и на функцијата јавен обвинител и по исполнување на правото на старосна пензија, по сопствено барање на судијата, односно јавниот обвинител. Овие закони упатуваат на Законот за работни односи, со оглед на тоа дека во нив е само предвидена можност за продолжување на функцијата судија и јавен обвинител, со тоа што постоела потреба ова да биде предвидено и конкретизирано во Законот за работните односи. Затоа било предложено во Законот за работните односи да се додаде нов член со кој ќе се предвиди можност за продолжување на мандатот на судиите и јавните обвинители до 67 годишна возраст, по нивно барање, односно изјава од страна на судијата и јавниот обвинител и решение од Судскиот совет за судиите и Советот на јавните обвинители за јавните обвинители, како што е предвидено во Законот за Судскиот совет и Законот за Советот на јавните обвинители. Со тоа на идентичен начин се решава прашањето за продолжување на мандатот и на судиите и на јавните обвинители, како што и упатуваат lex specialis законите што се однесуваат на функцијата судија и функцијата јавен обвинител. Притоа, продолжувањето на вршењето на функцијата на избраното или именуваното лице треба да е во согласност со законот што ги утврдува неговите права и обврски, односно во законот да биде дадена можност за продолжување на мандатот, согласно со прописите за работните односи.

Во Законот за извршување, како lex specialis за извршителите, не е уредена можност за продолжување на должноста извршител, туку стриктно е уредено дека на извршителот му престанува должноста со навршување на 64 години возраст, согласно закон.

Од горенаведеното, извршителот не остварува права од работен однос врз основа на одлука за избор или именување од надлежен орган, туку согласно Законот за извршување, извршителот е лице со јавни овластувања утврдени со закон, именувано од Министерството за правда врз основа на Конкурс, кое врши извршителска должност, така што извршителот не врши функција, туку врши извршителска должност, а воедно во Законот за извршување, нема уредено законска можност за продолжување на вршењето на должноста извршител, согласно Законот за работните односи.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот член 71 став (1) точка 6 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/20 и 154/23), е во согласност со член 8 алинеја 3, член 9 и член 32 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли или да не ја прифати оваа иницијатива.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Иницијативата од Санде Пејоски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.55/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 177 од Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.9/08 и 77/18), член 12 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16, 25/18 и 233/18) и уставноста и законитоста на нотарското решение О.бр.584/11, УДР-87/11 од 17.6.2022 година и исправката на истото од 20.2.2023 година и притоа го утврди следното

Подносителот на Иницијативата наведува дека бара автентично толкување на член 12 од Законот за нотаријатот и член 177 од Законот за вонпарничната постапка, кои според подносителот биле спорни како и индивидуален акт нотарското решение О.бр.584/11, УДР-87/11 од 17.6.2022 година и исправката на истото од 20.2.2023 година кои исто така биле спорни со што бара да се укинат или избришат член 177 од Законот за вонпарничната постапка и член 12 од Законот за нотаријатот како и да се поништи нотарското решение О.бр.584/11, УДР-87/11 од 17.6.2022 година и исправката на истото од 20.2.2023 година, затоа што биле спротивни на Законот за облигациони односи и Законот за сопственост и други стварни права, со што биле повредени член 8 став 1 точка 3, член 9, член 30, член 50, член 51 и член 54 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во врска со поднесената Иницијатива, истата се поднесува за толкување на одредби од закони и за поништување на Решение за спроведување на оставинска постапка, од причини наведени во иницијативата кои не одговараат на законските одредби чие толкување или укинување или бришење се бара од подносителот.

Имено подносителот се повикува на одредби од закони кои престанале да важат пример на член 12 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр.55/07) кои престана да важи со денот на отпочнување на примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16, 142/16 и 233/18), како и на Законот за вонпарничната постапка со цитирање на Службен весник во кој не е објавен Законот, како и изнесува наводи кои не се во врска со одредбите од законите кои ги наведува во Иницијативата. Воедно истиот бара толкување на овие одредби како и нивно укинување и бришење, како и поништување на нотарско решение, кое не е во надлежност на Уставниот суд на Република Северна Македонија и од тие причини иницијативата треба да се отфрли.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека член 177 од Законот за вонпарничната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.9/08 и 77/18), член 12 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16, 142/16 и 233/18) се во согласност со член 8 став 1 точка 3, член 9, член 30, член 50, член 51 и член 54 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 177 од Законот за вонпарничната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.9/08 и 77/18), член 12 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16, 142/16 и 233/18) и за поништување на нотарското Решение О.бр.584/11, УДР-87/11 од 17.6.2022 година и Исправката на истото од 20.2.2023 година.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Атанасов Таско од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.53/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 12 став 1 алинеја 9 од Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.199/23) и притоа го утврди следното

Констатацијата дека со оспорената одредба се повредува членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија не е точна, односно не постои повреда на темелните вредности на уставниот поредок на нашата држава по ниту еден основ.

Истата констатација е однесува и на членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија со која се уредени граѓанските и политичките слободи и права.

Имено, со Законот за адвокатура се обезбедува еднаквост на граѓаните во слободите и правата независно од плот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба што е всушност определено со членот 1 од овој Закон наведувајќи дека со законот се уредува обезбедување на правна помош од страна на адвокатите на физички и правни лица во остварување и заштита на нивните права и врз закон засновани интереси во сите постапки.

Оспорената одредба е во согласнот и со членот 23 од Уставот бидејки не постои ограничување на граѓанинот на неговото право да учествува во вршењето на јавните функции туку напротив согласно членот 32 од Уставот остварувањето на ова правото е уредено со закон со кој се определени условите под кои лицето се запишува во регистарот на адвокати. Ова објаснување се однесува и на укажувањето за повреда и на членот 54 од Уставот.

Подносителот на Иницијативата исто така укажува дека оспорената одредба била во спротивност и со членот 14 од Европскиот суд за човекови права без при тоа да објасни на кој начин законодавецот извршил дискриминација на слободите и правата на граѓаните по основ на пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус.

Имено, адвокатурата е уставно загарантирана категорија и има важна улога во секое демократско општество, но и централна улога во нашиот правосуден систем. Таа е дефинирана во членот 58 од Уставот на Република Северна Македонија како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон. Токму поради таа причина, адвокатурата е регулирана со посебен закон. Оттука, подносителот на Иницијативата не е во право кога укажува дека оспорениот закон не е во согласност со Уставот бидејќи истиот е донесен

од страна на Собранието на Република Северна Македонија, а врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот истиот е прогласен и со указ потпишан од страна на претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Во Законот за адвокатура („Службен весник на Република Северна Македонија бр.199/23) во членот 12 се наведува дека:

Во Именикот на адвокатите може да се запише лице, кое ги исполнува општите услови за засновање на работен однос во органите на државната управа, кое ужива углед и е достојно за вршење на адвокатската дејност и ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија или да е државјанин на држава земја членка на Европската Унија,
- да е деловно способно;
- има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Северна Македонија со завршено четиригодишно високо образование на правни студии VII/1 или со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит
- трансфер систем (ЕКТС) или нострифицирана диплома од правен факултет од странство,
- активно да го зборува македонскиот јазик,
- да има положено правосуден испит во Република Северна Македонија,
- со правосилна судска одлука да не е осуден на безусловна казна затвор во траење над шест месеци, како и да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должноста, за време на траење на санкцијата,
- да не е во работен однос,
- да не врши работи кои се неспојливи со адвокатурата,
- да не му престанала функцијата судија, јавен обвинител, државен правобранител или заменик, народен правобранител или заменик, избран или именуван функционер, односно да не му престанал работниот однос како државен службеник, нотар, заменик или помошник нотар, извршител или заменик извршител, со конечна одлука во судска, дисциплинска или друга постапка со која е утврдена одговорност во вршење на функцијата односно службата додека не поминат пет години од конечноста на одлуката и
- да достави доказ за завршена почетна обука при Центарот за едукација на Адвокатската комора.

Во членот 53 од Уставот на Република Северна Македонија се наведува дека „адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон."

Ваквата уставна поставеност на адвокатурата како самостојна и независна јавна служба која обезбедува правна помош, е всушност должност на законодавецот да обезбеди професионално вршење на работите на адвокатурата со што се зајакнува принципот на владеење на правото, а преку чување на угледот и достоинството на адвокатската дејност.

Во членот 32 од Уставот на Република Северна Македонија став 2 се наведува дека секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место при тоа наведувајки во ставот 5 дека остварувањето на овие права се уредува со закон и со колективен договор. Наведеното значи дека условите за пристап до соодветно работно место секогаш се уредуваат во закон, односно со Законот за адвокатура во конкретниот случај.

Со наведениот член, законодавецот имал за цел да овозможи механизам за заштита на угледот и професионалноста на адвокатурата, од причина што општо познат факт е дека сите правни кадри,

разрешени со конечна одлука во судска, дисциплинска или друга постапка со која е утврдена одговорност во вршење на функцијата односно службата, без никаква проверка се запишуваат во адвокатскиот именик и вршат адвокатска дејност.

Заради наведеното законодавецот предвидел можност во вакви ситуации, а додека не поминат пет години од конечноста на одлуката, да обезбеди механизам кој ќе го ограничи автоматското запишување во адвокатскиот именик, кое нешто ќе делува и превентивно да не се кршат законските прописи имајќи предвид дека адвокатурата е резервната дејност за вработување.

Врз основа на претходно наведеното, се смета дека членот 12 став 1 алинеја 9 од Законот за адвокатура („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 199/23), е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на членот 12 став 1 алинеја 9 од Законот за адвокатура („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 199/23).

## Точка 96

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.29/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на делот: „од 1 јули 2019 година" од член 113 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 27/20 и 56/21 ) и притоа го утврди следното

Со цел усогласување со Директива 2014/40/ЕУ на Европскиот парламент и на советот од 3 април 2014 година за приближување на законите, регулативите и административните одредби на земјите-членки за производството, претставување и продажба на тутунски и сродни производи и за укинување на Директивата 2001/37/ЕС, CELEX број 32014L0040 и Директива 2011/64/ЕУ НА советот од 21 јуни 2011 година за структурата и стапките на акциза кои се применуваат кај преработен тутун, CELEX број 32011L0064. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го изработи текстот на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи.

Со цел усогласување со Директива на советот 2008/118/ЕЗ од 16 декември 2008 во врска со општите аранжмани за акцизи и укинување на Директивата 92/12/ЕЕЗ; Директива на советот 2003/96/ЕЗ од 27 октомври за преструктурирање на рамката на Заедницата за оданочување енергетски производи и електрична енергија; Директива на советот 92/83/ЕЕЗ од 19 октомври 1992 година за усогласување на структурите на акцизи на алкохол и за алкохолни пијалаци; Директива на советот 92/84/ЕЕЗ од 19 октомври 1992 година за усогласување на стапките на акцизи на алкохол и за алкохолни пијалаци; Директива на советот 2011/64/ЕУ од 21 јуни 2011 година за акцизната структура и акцизните стапки кои се однесуваат на преработен тутун; Регулатива на комисијата (ЕЗ) Бр. 31/96 од 10 Јануари 1996 година за потврда за ослободување од акциза; Директива 2006/79/ЕЗ на Советот за даночно ослободување при увоз на мали испораки на добра од некомерцијален карактер од трети земји; Директива на советот 2007/74/ЕЗ за ослободување од данокот на додадена вредност и акциза на добра увезени од лица кои патуваат од трети земји и Директива на советот 95/60/ЕЗ од 27 ноември 1995 година за фискални обележувачи на гасно масло и керозин Министерството за финансии го изработи текстот на Законот за акцизите.

Во членот 3 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 27/20 и 56/21), описно се дадени одделни изрази употребени во овој закон и е утврдено нивното значење.

Во членот 5 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 27/20 и 56/21), наведено е дека поимите дефинирани согласно со членот 3 од овој закон ќе бидат употребени за определување на надоместок кој ќе се применува кај различните групи на производи во согласност со Законот за акцизите.

Во членот 113 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 27/20 и 56/21), наведено е дека одредбите од членот 5 од овој закон кои се однесуваат на поимите дефинирани во точките 19 и 20 од членот 3 од овој закон за несогорлив тутун и електронска цигара ќе бидат употребени за определување на надоместок согласно со Законот за акцизите од 1 јули 2019 година.

Имајќи предвид дека изработката на двата закона се одвивала во ист период, ова министерство не можело со сигурност да го наведе точниот датум на влегување во сила на Законот за акцизи.

Дополнително, се смета за потребно да се укаже дека одредбите на кои упатува член 113 од Законот за тутун се наративни и го утврдуваат значењето на поимите и не произведуваат правни последици за остварување на права и должности на засегнатите страни од Законот за акцизи и не произведуваат ретроактивно дејство.

Имајќи го предвид горенаведеното, а со оглед на тоа дека Иницијативата на подносителот е беспредметна, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по истата, а истовремено смета дека Уставниот суд на Република Северна Македонија за конкретната Иницијатива не треба да поведе постапка за оценување на уставноста, бидејќи во конкретниот случај нема и не може да има понеповолно влијание за граѓаните, не е предизвикана правна несигурност и нема повреда на принципот на еднаквост, а со самото тоа не постои спротивност или неусогласеност со Уставот на Република Северна Македонија, со предлог Уставниот суд на Република Северна Македонија, да донесе Решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

## Точка 97

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У3.бр.26/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 2 во делот „преземени обврски од 2024 година согласно склучени договори" од Програмата за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/25 и 65/25) и притоа го утврди следното

Во Програмата за користење на капитални дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/25 и 65/25), е уредено дека средствата од Програмата ќе се користат и за финансирање на преземени обврски од 2024 година, согласно договорите склучени по одлуките за користење на капитални дотации за инфраструктурни проекти од 2024 година.

Во октомври 2024 година, Владата донесе одлуки за користење на капитални дотации за инфраструктурни проекти во областа на транспорт, образование и наука, култура, животна средина и просторно планирање, социјална политика, демографија и млади и спорт, а во декември 2024 година донесе измени на овие одлуки. Министерствата склучија договори со општините, каде што е утврдено дека средствата ќе се користат во 2024 и во 2025 година.

Средствата за капитални дотации беа планирани во буџетите на пооделните министерства на соодветна Потпрограма АА–Инфраструктурни проекти на општините. Имајќи предвид дека одлуките беа донесени во последниот квартал од 2024 година, општините до крајот на годината искористија многу мал дел од одобрените средства поради сложената постапка за јавни набавки, како и законските ограничувања во поглед на донесувањето на измени и дополнувања на своите буџети.

Согласно член 17 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), трансферот на капиталните дотации од Буџетот на Република Северна Македонија, до општините се врши во рокови утврдени во договорот за капитални дотации, склучен меѓу надлежните министерства и фондовите и општините.

Во член 7 став 1 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21, 87/22 и 3/25), е уредено дека буџетите ги содржат одобрените средства по буџетски корисници и утврдени намени кои се однесуваат на финансирање на тековните, капиталните и другите расходи на буџетските корисници и нивните единки корисници за извршување на активностите претставени преку програми и потпрограми.

Во член 3 од Законот за буџетите е уредено дека во постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на општините, како и известувањето за извршување на истите потребно е да се почитува начелото на сеопфатност кое подразбира прикажување на сите приходи и други приливи, расходи и други одливи и начелото на специфичност, каде е утврдено дека средствата од буџетот на Република Северна Македонија и општините мора да се користат строго за предвидените цели, определени преку раздели, програми, потпрограми и ставки. Ова го гарантира правилното и целисходно трошење на одобрените буџетски средства.

Исто така, во Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.254/24), во член 2 е уредено дека буџетските корисници и единките корисници се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно, а во член 4 се утврдува дека буџетските корисници и единките корисници не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со Буџетот.

Имајќи го предвид горенаведеното, средствата за капитални дотации кои не беа исплатени во 2024 година, а произлегуваат од склучените договори на министерствата и општините беа планирани во буџетите на пооделните министерства во 2025 година на соодветна потпрограма АА–Инфраструктурни проекти на општините, како преземени обврски и станува збор за преземени обврски наведени во горенаведената програма кои произлегуваат од склучените договори во кои е наведено дека исплатата ќе се врши во 2024 и 2025 година.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува дека Програмата за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје за 2025 година бр.50-3400/2 од 25 март 2025 година, не е во спротивност на Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија во целост да ја отфрли Иницијативата како неоснована,

односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста и законитоста на наведениот член од Програмата.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.63/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за даночно ослободување со цел реализирање на Одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/25) и утврди мислење врз основа на мислењето на Министерството за финансии.

*

*       *

Владата на Република Северна Македонија на Деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јули 2025 година, повторно ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.63/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за даночно ослободување со цел реализирање на Одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/25) и заклучи Министерството за финансии да достави ново мислење, кое да се достави до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Артан Раховица од Куманово за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.8893, за КО Куманово, на КП бр.21891/1, викано место/улица „Роза Луксембург 9“ и недвижен имот запишан во Имотен лист бр.88791, за КО Куманово, на КП бр.21891/1, викано место/улица „ул.П.Илиевски“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.10040, за КО Илинден, на КП бр.2438/41, викано место/улица „Барутница“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 101**

1. Владата го разреши Игор Никоски од должноста вршител на должноста директор на Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Владата го именува Игор Никоски за директор на Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Стојанче Ангелов од должноста вршител на должноста директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

4. Владата го именува Стојанче Ангелов за директор на Дирекцијата за заштита и спасување и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата ја именува Амире Јакупи- Кадри за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата ја именува Сумеа Мемедовска за член на Управниот одбор на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

7. Владата го именува Андреј Јуруков за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиско работење на Јавното претпријатие за државни патишта.

8. Владата ја именува Весна Маркоска за член на Управниот одбор на ЈУ за деца – Детско одморалиште „Илинден" – Гостивар, претставник на родителите.

9. Владата ја именува проф. д-р Зора Јачова за член на Управниот одбор на ЈУ Детски дом „11 Октомври", од редот на корисниците, предложен од Советот на корисници.
10. Владата го разреши Иле Махлијанов од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, на негово барање поради судир на интереси.

11. Владата го разреши Ирфан Ахмети од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле – Скопје, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

12. Владата од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола, ги разреши:

а) од претседател:

- доц. д-р Билјана Трајковска

б) од членови:

- Симе Шурбевски,
- Владо Бабачовски,
- Мухамед Изери,
- Николче Бошевски,
- Менде Стомнаровски,
- Иван Манчевски,
- проф. д-р Кипријановски Марјан и
- проф.д-р Наташа Матева.

12.1 Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола ги именува:
- Стојче Тошовски,
- Соња Карапашовска,
- Љупчо Шемовски,
- Демко Абдули,

- Васко Карадиновски,
- Благојче Мицевски,
- проф-д-р Виктор Ѓамовски,
- асс. м-р Ирина Маневска,
- проф. д-р Златко Прцуловски.

12.2 Владата ја именува Соња Карапашовска за претседател на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола, од редот на членовите.

13. Владата, врз основа на член 59 став (4) и член 60 од Законот за надворешни работи, заклучи да му предложи на министерот за надворешни работи и надворешна трговија за свој специјален пратеник кој привремено ќе престојува во Кралството Саудиска Арабија со седиште во Ријад да го назначи Салим Сулејмани специјален пратеник на Владата на Република Северна Македонија за земјите од Арапскиот (Акапски) Залив со Предлог-одлука за утврдување на задачи на специјалниот пратеник.
14. Владата го разреши Енвер Исмаили од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија“ – Скопје.

14.1 Владата го именува Мируше Бислими Дестани за член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија“ – Скопје.

## Точка 102

**1.**Владата формира работна група со претставници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за правда, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за финансии и Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост, со цел изготвување на законско решение за надминување на финансиските проблеми со кои се соочува Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост.

**2.**Владата ги задолжи Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт, Министерството за спорт, Министерството за култура и туризам и Министерството за животна средина и просторно планирање, за наредната седница на Владата да достават предлог за изменување и дополнување на донесените одлуки за користење на средства за капитални дотации до единиците на локална самоуправа за инфраструктурни проекти, за проекти коишто првично не се одобрени со административна селекција поради недостаток само на одобрение на градење или решение.

**3.**Владата го задолжи Министерството за правда да ја разгледа можноста за изменување на Законот за катастар на недвижности на членот 8 став 3 во насока на поедноставување на постапката, Владата да не донесува одлуки за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, а секој државен орган, орган на државна управа или пак институција од јавен сектор, во случај да користи објекти со незапишани права, да се обраќаат до Агенцијата за катастар на недвижности, која би била должна да го изработи бараниот елаборат.“.

**4.**Владата ја разгледа Информацијата во врска со тековниот статус на процесот на реструктурирање на Фондот за иновации и технолошки развој и Агенцијата за поддршка на претприемништвото и формирањето на Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво, како и

потребата за информирање на Делегацијата на Европската Унија во Скопје, со текст на Писмо и ја усвои со следните заклучоци:

1)Го прифати текстот на Писмото во врска со статусот на Фондот за иновации и технолошки развој.

2)Се овластува м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, да го достави Писмото во врска со статусот на Фондот за иновации и технолошки развој до амбасадорот на Европската Унија во Република Северна Македонија, Н.Е. Михалис Рокас.

**5.**По повод укажувањето на м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, во врска со кредитната линија за финансирање на инвестиции и развој на приватните трговски друштва со средства од Буџетот на Република Северна Македонија, Владата му препорача на Државниот завод за ревизија да изврши ревизија на Договорот со Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за воспоставување на кредитна линија за финансирање на инвестиции и развој на приватни трговски друштва со средства од Договорот за задолжување од Буџет на Република Северна Македонија, потпишан помеѓу Владата и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, како и во содржината и реализацијата на Рамковните договори за учество во кредитната линија за финансирање на инвестиции и развој на приватни трговски друштва потпишани меѓу Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје и банките корисннчки и за истата да ја информира Владата и Министерството за финансии.

**6.**Во врска со заклучокот од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 април 2025 година, донесен по Информацијата за стратешко партнерство меѓу Република Северна Македонија и Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Декларација, Владата го овласти д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија да ја потпише Декларацијата за стратешко партнерство меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

**7.**Владата во врска со Информацијата во врска со неконтролираниот ископ на песок, чакал и камен од речното корито на Вардар во атар на с.Ногаевци, Општина Градско со кој се поткопуваат темелите на мостот кој се наоѓа во непосредна близина и со истото се доведува во прашање стабилноста на мостот и во врска со проблемите со кои се соочуваат жителите на Општина Градско, поради истекување на амонијак од базените на биогасната централа, заклучи:

1) Се задолжува Државниот инспекторат за животна средина да изврши вонреден инспекциски надзор за неконтролиран ископ на песок, чакал и камен од речното корито на Вардар во атар на с.Ногаевци, Општина Градско, со цел да се утврди моменталната фактичка состојба и евентуалната штета предизвикана од несовесното работење на правното лице, да превземе активности согласно позитивните законски одредби и за истото да ја информира Владата, во најкраток можен рок.

2) Се задолжува Државниот инспекторат за животна средина да изврши вонреден инспекциски надзор во врска со проблемите со кои се соочуваат жителите на Општина Градско, поради истекување на амонијак од базените на биогасната централа, со цел да се утврди моменталната фактичка состојба и евентуална штета предизвикана од несовесното работење на правното лице, да превземе активности согласно позитивните законски одредби и за истото да ја информира Владата, во најкраток можен рок.

**Точка 103**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Државниот инспекторат за локална самоуправа за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на постапката за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и други државни органи основани согласно со Устав и со закон, за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Информацијата за тековниот статус на годишни активности за 2024 година на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи, како материјал за информирање.

**Точка 106**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 107**

Владата го разгледа Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за работа на Инспекциски совет за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 108**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати (за периодот 27 јули 2024 година - 27 јануари 2025 година), како материјал за информирање.

**Точка 109**

Владата го разгледа Годишниот извештај за оценувањето на административните службеници во Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 110**

Владата ја разгледа Информацијата за разгледување можности за преземање на мерки за имплементирање на препораките за подобрување на конкурентноста на економијата содржани во димензија 5 (претпријатија во државна сопственост), како материјал за информирање.

**Точка 111**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 112**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје во периодот од 1 јули 2024 година до 30 септември 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија-Скопје, при доставување на финансиските извештаи за идните квартали да ги има предвид укажувањата на Министерството за финансии и Министерството за дигитална трансформација, изнесени во соодветните мислења, особено во делот на активностите, преземените чекори и остварени резултати поврзани со широкопојасниот интернет, а надлежните органи на претпријатието да преземаат мерки за консолидација на расходната страна насочени кон намалување на непродуктивните расходи и расходите кои не се поврзани со дејноста на претпријатието.

**Точка 113**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје во периодот од 1 октомври 2024 година до 31 декември 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија-Скопје, при доставување на финансиските извештаи за идните квартали да ги има предвид укажувањата на Министерството за финансии и Министерството за дигитална трансформација, изнесени во соодветните мислења, особено во делот на активностите, преземените чекори и остварени резултати поврзани со широкопојасниот интернет, а надлежните органи на претпријатието да преземаат мерки за консолидација на расходната страна насочени кон намалување на непродуктивните расходи и расходите кои не се поврзани со дејноста на претпријатието.

**Точка 114**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2024 година, со дополнувања, како материјал за информирање.

**Точка 115**

Владата заклучи:
1. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Град Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Битола.

3. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Куманово.

4. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Тетово.

5. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Прилеп.

6. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Велес.

7. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Кавадарци.

8. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Гевгелија.

9. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Струмица.

10. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Кичево.

11. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Охрид.

12. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Кочани.

13. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Штип.

14. Ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Општина Гостивар.

## Точка 116

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Одлуката за видот, бројот, персоналниот и материјалниот состав на тимовите за брз одговор, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување  и дополнување на Одлуката за видот, бројот, персоналниот и материјалниот состав на тимовите за брз одговор.

## Точка 117

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на главна улица во с. Моин, реконструкција на улица „Атанас Ѓуров" во с. Прдејци и реконструкција на улица „Иван Марков Братот" Богородица, Општина Гевгелија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025 и 2026 година на Министерството за транспорт, за реконструкција на главна улица во с. Моин, реконструкција на улица „Атанас Ѓуров" во с. Прдејци и реконструкција на улица „Иван Марков Братот" Богородица, Општина Гевгелија, во вкупна вредност од 29.656.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 2025 година – средства во износ од 17.510.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2026 година – средства во износ од 12.146.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за транспорт Проектот: Реконструкција на главна улица во с. Моин, реконструкција на улица „Атанас Ѓуров" во с. Прдејци и реконструкција на

улица „Иван Марков Братот" Богородица, Општина Гевгелија, да го реализира преку развојната програма во Буџетот.

## Точка 118

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на водоснабдителен систем во с. Љубанци и с. Љуботен во Општина Бутел и ја усвои со следните заклучоци:

1.Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025, 2026 и 2027 година на Министерството за транспорт, за Изградба на водоснабдителен систем во с. Љубанци и с. Љуботен во Општина Бутел, во вкупна вредност од 110.500.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2025 година – средства во износ од 20.000.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- 2026 година – средства во износ од 70.000.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2027 година – средства во износ од 20.500.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

## Точка 119

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на Проектот за реконструкција на објектот Универзална сала во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност на Министерството за култура и туризам за реализација на Проектот за реконструкција на објектот Универзална сала во Скопје, со тех.бр.0307-25/1 од јуни 2025 година, во вредност од 1.221.287.504,00 денари, за чие плаќање потребно е користење на буџетски средства во 2025 година, 2026 година, 2027 година и 2028 година од Програма 40 - музичка и сценско-уметничка дејност, ставка 482 - други градежни работи, според следната динамика на плаќање:

- 15.958.000,00 денари во 2025 година
- 360.000.000,00 денари во 2026 година
- 450.000.000,00 денари во 2027 година и
- 395.329.504,00 денари во 2028 година.

2. Се задолжува Министерството за култура и туризам во буџетските циркулари за секоја буџетска година да ги планира потребните финансиски средства предвидени како во Заклучокот под бр. 1.

3. Се задолжува Министерството за култура и туризам да ги спроведе неопходните постапки за доделување на сите потребни договори со цел за целосно и комплетно завршување и реализирање на Основниот проект за реконструкција на Универзална сала во Скопје, со тех.бр.0307-25/1 од јуни 2025 година и да го обезбеди потребното одобрение од надлежен орган за негова реализација.

4. Се задолжува Министерството за култура и туризам да пристапи кон раскинување на Договорот за преземање и отстапување на правата и обврските од Договорот за јавна набавка на работи бр.50-1932/2 од 19.2.2024 година, склучен со Изведувачот на работите за реконструкција на Универзална сала прва фаза кров и фасада, Универзал балкан ДОО Скопје, како и на Договорот за донација бр.50-1864/2 од 14.2.2024 година, склучен за надзор за реконструкција на фасада и кровен

покривач и партерно уредување за објект ЈУ Универзална сала во Скопје со ДУП ЕОС Е.Е. ДОО Скопје, поради настанати вонредни околности кои го оневозможуваат извршувањето на договорите.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за култура и туризам Проектот за реконструкција на објектот Универзална сала во Скопје да го реализира преку развојната програма во Буџетот.

**Точка 120**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на договор за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги Шахтерм МК ДООЕЛ Илинден и Шахтерм Електрикли Иситиџилар Санаји Ве Тиџарет Аноним Ширкети, со текст на Предлог-договор и со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Шахтерм МК ДООЕЛ Илинден и Шахтерм Електрикли Иситиџилар Санаји Ве Тиџарет Аноним Ширкети - корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2.

**Точка 121**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Крушево.

Истовремено, се укажува на Бирото за јавни набавки, по барање на Општина Крушево, да изнајдат најитно решение за спроведување на постапките за јавна набавка, со цел што поскоро да се реализира реконструкцијата на основното училиште во село Норово и истото да биде оспособено за реализација на наставата од почетокот следната учебна година.

**Точка 122**

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 јули 2025 година, го разгледа Известување од извршител Катерина Кокина од Скопје, доставено под И.бр.64/2024 за Заклучок за втора усна јавна продажба, која ќе се одржи на 18 јули 2025 година, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.12102, за КО Драчево 1, на КП бр.7868, викано место/улица „Р.Хаџипанзова бр.38Б“ и Записник од прва усна јавна продажба и по Понудата го усвои Мислењето од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14.55 часот.